ДАМЈАН БУЖАРОВСКИ

СЕМЕЈСТВАТА БУЖАРОВСКИ И МЕЛОСКИ



Дамјан Бужаровски

СЕМЕЈСТВАТА БУЖАРОВСКИ И МЕЛОСКИ

Родословие поврзано со мојот прадедо Апостол Бужаровски (1893/4–1956) и мојата прабаба Румена Бужаровска моминско Мелоска (1901–1927)

Скопје, 2022 година

Дамјан Бужаровски

Семејствата Бужаровски и Мелоски

Родословие поврзано со мојот прадедо Апостол Бужаровски (1893/4–1956) и мојата прабаба Румена Бужаровска моминско Мелоска (1901–1927)

Скопје, 2022 година

Дамјан БУЖАРОВСКИ
СЕМЕЈСТВАТА БУЖАРОВСКИ И МЕЛОСКИ
Родословие поврзано со мојот прадедо Апостол Бужаровски (1893/4–1956)
и мојата прабаба Румена Бужаровска моминско Мелоска (1901–1927)
Прво издание, Скопје, 2022.

Издавач
Дамјан Бужаровски

Уредник
Димитрије БУЖАРОВСКИ

Графичко уредување
Трена ЈОРДАНОСКА

Графички дизајн на насловната страница
Дамјан БУЖАРОВСКИ

©Damjan Buzarovski/BuzAr, 2022

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

929.52Бужаровски(497.771)
929.52Мелоски(497.771)

БУЖАРОВСКИ, Дамјан
Семејствата Бужаровски и Мелоски [Електронски извор] : родословие поврзано со мојот прадедо Апостол Бужаровски (1893/4–1956) и мојата прабаба Румена Бужаровска моминско Мелоска (1901–1927) / Дамјан Бужаровски. -
Скопје : Д. Бужаровски, 2022

Начин на пристапување (URL): http://buzar.mk/. - Текст
во ПДФ формат, содржи 85 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. -
Опис на изворот на ден19.09.2022. - Фусноти кон текстот. -
Библиографија: стр. 81-85

ISBN 978-608-66931-0-7

а) Бужаровски (семејство) -- Генеалогија -- Галичник б) Мелоски (семејство) -- Генеалогија -- Галичник

COBISS.MK-ID 58179333

Содржина

ПРЕДГОВОР....1

I ДЕЛ СЕМЕЈСТВОТО БУЖАРОВСКИ 3

БУЖАРОВСКИ, ПОТЕКЛО НА ПРЕЗИМЕТО 5

НАЈСТАРИ ГЕНЕРАЦИИ....5

ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА....7
Глигур Бужаровски (живеел во XIX век) 7

ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА 10
Мијаил Бужаровски (средина на XIX век – ≈1930).... 10
Анастасија (Наста) Бужаровска, род. Ажоска (1865–1947) 14

ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА.... 16
Ефто Бужаровски (≈1880-ти – 1920-ти).... 16
Русе Бужаровски (1888–1940-тите) 17
Софре Бужаровски (1906–1965).... 19
Апостол Бужаровски (1893/4–1956).... 22

ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА.... 26
Славко Бужаровски (1922–2006) 26
Детство.... 26
Периодот на Втората светска војна 27
По Втората светска војна до демобилизирањето од војската.... 28
По демобилизирањето од војската 29
Брак и семејство 35
Вера Бужаровска (1931–2013) 38
Заге Бужаровски (1929–1997).... 42
Семеен живот.... 43

II ДЕЛ СЕМЕЈСТВОТО МЕЛОСКИ.... 47

ДУРУЗОСКИ, ПОТЕКЛО НА ПРЕЗИМЕТО.... 49

НАЈСТАРИ ГЕНЕРАЦИИ.... 49

ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА 51

МЕЛОСКИ, ПОТЕКЛОТО НА ПРЕЗИМЕТО.... 51
Илија (Ило) Мелоски (роден втора половина на XVIII век) 51

ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА 53
Нове Мелоски (живеел во XIX век) 53
Динго Мелоски (1805– ≈1880) 53

ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА (потомци на Нове) 54
Стојан Мелоски (1869/70–1942) 54
Анѓа (Стојаница) Мелоска (1880–1951) 58
Јаков Мелоски (1861–1941) 60

ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА (потомци на Динго) 62
Илија (Ило) Мелоски (1866–1944) 62

СЕДМА ГЕНЕРАЦИЈА 65
Румена Бужаровска, род. Мелоска (1901–1927) 65
Ристе Мелоски (1910–1979) 67
Трајче Мелоски (1920–2003) 70

Прилог 1 Слава на семејството Бужаровски 74

Прилог 2 Потеклото на Елена Бужароска, род. Пулевска (≈1810 – ≈1880) 75

Прилог 3 Список на книги и сценарија на Вера Бужаровска 79

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 81
Литература 81
Објавени извори 82
Необјавени извори 82
Документи 82
Необјавени ракописи 83
Соговорници 84
Друго 85

ПРЕДГОВОР

Изработката на родословија е сложена и макотрпна работа. Особено е тешко да се одреди почетната точка од која ќе се разгранува стеблото нанапред во времето, како и да се одреди семејството од кое ќе се извлекуваат стеблата. Како што напишав во првата книга *Семејството Бундалевци* (Бужаровски 2020), одлучив почетна точка да бидат моите баба и дедо, Вера и Славко Бужаровски. На тој начин се појавуваат четири семејства наназад: кај Вера Бужаровска – Бундалевски (според мајката Тодорка) и Николови (според таткото Стеван); и кај Славко Бужаровски – Мелоски (според мајката Румена) и Бужаровски (според таткото Апостол) (ibid., 1). Семејството Бундалевски го разработив како прво во книгата *Семејството Бундалевци*, а во оваа монографија ќе ги разгледаме семејствата Бужаровски и Мелоски. Бидејќи и двете семејства водат потекло од селото Галичник се одлучив да ги обработам во иста книга.

Семејствата Бужаровци и Меловци се мошне големи, па затоа најмногу внимание ќе посветам на линиите кои водат до моите претци, а другите далечни роднини нема многу да ги разгледувам. Затоа и во поднасловот ги ставив моите прадедо и прабаба, бидејќи овој труд главно е насочен кон семејството од нивното опкружување. Да ги опфатев сите гранки од овие семејства ќе настанеше конфузија. Голем дел од претците ако првата жена им умрела, се преженувале. На тој начин еден предок имал и по седум, осум, девет и повеќе деца. Со нивна детална разработка, трудот ќе немаше прегледност и многу тешко ќе беше да се следи гранката на еден предок. Сепак, накратко ги имам опфатено и другите гранки, па некој потомок од тие гранки, доколку го интересира, многу лесно ќе може да се надоврзе и да го искористи овој труд како појдовна точка за истражување на гранката од која тој потекнува. Исклучок претставува само една гранка од семејството Бужаровски, тоа е семејството на Јован Бужаровски, за кое не успеав да најдам податок од која гранка на Бужаровски потекнува.

Како што напишав и во првата книга *Семејството Бундалевци*, во Галичник презимињата се најчесто без согласката *в* (ibid.). Така, правилно на галички дијалект презимињата се Бужароски и Мелоски, а подоцна со преселувањата на галичките семејства во други градови, дел од презимињата се напишани со наставката *вски/вска*. Денес, кај речиси сите членови, презимето го среќаваме како Бужаровски, така се презива и мојата гранка и затоа така го напишав. Сепак, кај семејството Меловци се задржало презимето без наставката *вски/вска* и речиси кај сите членови го среќаваме без *в*, како што е напишано и во оваа книга.

Презимето Бужаровски го среќаваме и во варијантите Бужаров/а и Бужаровиќ, во зависност од тоа дали била бугарска или српска власт во Македонија, и подоцна некои го задржале презимето со ваков суфикс. Кога Галичник се нашол под италијанска окупација презимето на семејството било Бужари и како такво било впишано во пасошот на дедо ми Славко (според Бужаровски В. 2020). Истото важи и за презимето Мелоски, кое во зависност од тоа под која власт била Македонија, го среќаваме и како Мелов/а и Меловиќ. Во одредени случаи, некои од членовите на овие семејства не се запишувани со овие презимиња, туку се користени патроними, и како такви ги среќаваме во одредени документи.

Покрај семејствата Бужаровски и Мелоски, во оваа книга опфатив и гранка од семејството Пулевски, кое исто така потекнува од Галичник. Ова семејство е повр-

зано со Бужаровски, бидејќи една од сестрите на Ѓорѓија Пулевски била омажена за предокот Глигур Бужаровски. За семејството Пулевци податоците се скудни и малуброjни, а постојат многу контрадикторности и грешки во досегашните трудови и извори. Затоа во овој труд вклучив и дел кој треба да разреши некои од овие контрадикторности за кои успеав да најдам дополнителни податоци.

Како што напоменав, да се истражува и пишува за семејното минато е многу деликатна и компликувана работа. Во Македонија повеќето семејства познаваат до пет-шест поколенија наназад. Кај семејството Бужаровски, броејќи се и себеси, отидов осум поколенија наназад, додека пак за семејството Мелоски десет поколенија наназад. Податоците за овие најстари генерации се скудни, а бројот на извори е ограничен. Имав голем број на соговорници, но соговорникот не е секогаш најдобар и најсигурен извор. Затоа сакам да истакнам дека се можни ненамерни грешки кои произлегуваат од кажувањето на некој соговорник или извор.

Конечно, на крајот, сакам да им се заблагодарам на сите оние кои директно или индиректно помогнаа при изработката на ова дело. Пред сè, сакам да изразам голема благодарност кон моето семејство за поддршката и сè што направиле за мене. Посебна благодарност кон чичко ми Димитрије Бужаровски, за редакцијата, помошта, корисните забелешки при пишувањето на трудот, како и за информациите кои ми ги даде за двете семејства. Голема благодарност кон професорката Трена Јорданоска за редакцијата и советите кои ми ги даде. Благодарност и до Стојан Мелоски и Горица Перишиќ род. Мелоска за многуте информации кои ми ги кажаа за двете семејства.

Дамјан Бужаровски
4 септември 2022 година

I ДЕЛ
СЕМЕЈСТВОТО БУЖАРОВСКИ

БУЖАРОВСКИ, ПОТЕКЛО НА ПРЕЗИМЕТО


НАЈСТАРИ ГЕНЕРАЦИИ

Во споредба со другите галички семејства кои ги истражувавме, за почетоците на семејството Бужаровски располагаме со помалку информации. За потеклото на презимето Бужаровски има само една претпоставка, дека можно е да потекнува од зборот *бужар*, кој се користел некогаш во минатото во галичкиот дијалект. Овој збор значел нешто како горд човек (Бужаровски Т. 2019). Можно е тој да бил преземен и од албанскиот јазик, бидејќи во овој јазик среќаваме збор *бујар*, што во превод значи дарежлив. Друга претпоставка за презимето не постои и најверојатно е произлезено од зборот *бужар*, бидејќи во Галичник главно презимињата се добивани по некоја карактеристика на претците или, пак, според нивното занимање.

Според едно фамилијарно стебло за семејството Бужаровски изработено од Томо В. Бужаровски, најстариот предок во ова семејство за кој се знае и од кој потекнува нашата гранка, се викал Нестор Бужаровски (Бужаровски Т., недатирано). Тој бил роден во втората половина на XVIII век, а кога починал не се знае. Нестор не е првиот којшто го носел презимето Бужаровски, бидејќи тој има брат Сарик, кој исто така се презивал Бужаровски, така што презимето потекнува од некој друг уште подалечен предок (слика 1). Најверојатно таткото на Нестор и Сарик се викал Кузман, бидејќи во *Тријазичникоѿ* на Ѓорѓија Пулевски го среќаваме како претплатник на речникот, синот на Нестор, Глигур Бужаровски, кој е напишан како „Хаџи Гљигур Ку. Бужароски“ (Пуљевски 1875, IV). Исто така, Глигур имал син Кузман, а во Галичник имало обичај децата да се крштеваат по бабите и дедовците, па врз основа на овие факти може да заклучиме дека таткото на Нестор се викал Кузман.


Братот на Нестор, Сарик Бужароски имал еден син Тодос. Тодос, пак, имал два сина, Василко и Стамат (слика 2). Стамат Бужаровски бил ќаја[1] и имал околу 3.000 овци и ергеле од околу 35 коњи (Бужароски Р. 1976, 27). Тој исто така во месноста Лембед, близу Солун чувал и околу стотина крави, а млекото од нив го продавал на Солунскиот пазар (ibid., 29). Жена му се викала Магда (1862–?) и тие ги имале синовите Филимон (1881–?), Страте (1896–?) и Иљо (1898–?). Страте бил печалбар во Египет и во Србија (ibid., 35, 38), но што работел таму и дали се оженил и имал деца нема податоци. За Иљо не најдовме никакви податоци, а Филимон се оженил со Зуна (1890–?), ќерка на Доксим Филипоски и во бракот ги имале децата Ристе, Кумрија, омажена за Иљо Брезоски и Нада, омажена за Ило Цубалески.

Василко, другиот син на Тодос, имал два сина, Лазар и Тодос и ќерка Рокса, омажена за Аврам Черепналкоски (Бужароски Т., недатирано). Лазар и Тодос биле печалбари во Белград (Бужароски Р. 1976, 35). Тодос подоцна се вратил во Македонија, но Лазар останал да живее во Белград. Тој имал син Васе и ќерка чие име не ни е познато. Тодос бил во брак со Морфа Куцулоска и имале



Слика 1. Приказ на потомците на Кузман Бужаровски

[1] Главен и богат сточар, сопственик на 1000 или повеќе овци.



Слика 2. Приказ на потомците на Тодос Бужаровски

двајца синови, од кои едниот се викал Глигор, и две ќерки, Љуба и Докија. Сега ќе ги оставиме овие гранки од семејството и ќе продолжиме детално да зборуваме за Глигур, синот на Нестор.

ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА

Глигур Бужаровски (живеел во XIX век)

Глигур бил роден на почетокот на XIX век. За него постојат многу малку податоци. Според тоа што е запишан како претплатник Хаџи Глигур во книгата на Ѓорѓија Пулевски како (Пуљевски 1875, IV), а во книгата *Галичка повест* неговата сопруга се среќава како Аџи Глигурица Бужароска (Бужароски Р. 1976, 92), очигледно бил на аџилак во Ерусалим (слика 3).

IV

Село РАШТАНИ, Ѓорѓија Наумов ученик 4 разреда.

Село З-РКЉЕ, Слава Радић ученик 2 разреда.

ЦРЕШЊЕВО, село.

Цветан Поп. Димитријев уче. 3 р. Ристо деспотов уче. 3 р. Крсте Јовев уче. 2 разреда. Стефан Бељев уче. 3 р. Анаѓије Тодоров уче. 2 р.

Село, БЕЉИЦА, Раде Мијанлов ученик 2 разреда.

Село, БЕНЧЕ, Ставре Трајанов уче. 3 р. Поп. Трпев уче. 2 р.

Село, СЛАТИНА, Костадин Божиќ уче. 4 р.

ВОШТАРАНИ, окружје рељинско.

Васиљ Стојатов авџија 1 књига, Ване Поп. Трајчов од острово 1 књ. Вељан Стоиков симиџија 1 књ. Наце Дуцов Чеганец 1 књ.

ГАЉИЧНИК, окружје деборско.


Поп Арсеније Ѓор. Попоски, свештеник, замнуков, Ѓорѓа и Авросија 2 књи. г. Глигорија Јѿ Попоски прота г. Мељхиссекек п. к. Попоски свештеник 1 књ. Браќа Фрчкоски живописци, а синови Макријови, г. Христе за синовиму Епифанија и Дамјана, г. Исак за сина Овентија, г. Кузман за синовиму, Маркија и Антима, г. Транко Негријов дрворезец, замнукови Негрија и Таннета, госпо. Михаиљ Ѓурчинов за браќаму Панета и Теофиља, Томо М. Пуљевски за синовиси Митрета и Крстета, г. Никола Јанк. Медароски, манс. живописец, г. Стамад Огн. Аљаутоски челник манс. за синови, Мијанља и Серавиља 2, књ. Секо Д. Кутрески, за сина Анатољија, 1, књ. Симон Ќекаја, И. Тортески 10 књ. Димо Ќехаја Сми. Тортески за синови Николу и Марка 2 књ. Авросија, Иљ. К. Тортески 1 књ. Дамјан Жикоски, за синаси Панајота, г. Јанко Постољов учит. галички 1 књ. Наће То. Колоски ученик 4 раз Арсенија Јако. Каргоски уче. 1 раз. Рафаиљ Сте. Ќипроски уче. 2 раз. Томо Арс. Томоски уче. 4 разреда. Моисо Ни. Музески уче. 4 раз. Аврам Тод. Томески уче. 4 раз. Митре Јѿ Каражески уче. 4 раз. Хаџи Глигор Ку. Бужароски за синови Кузмана и Нестрора 2 књ. Костадин Равр. Бошковски ученик 2 разреда, Илија Серав. Вангески, ученик 4, Аврам Сек. Грандески ученик 2 раз. Јордан Ми. Голчески ученик 2 раз. Девесиљ Пос. Пакоски ученик 2 раз. Софронија Ѓеш. Музески ученик 2 ра. Смиље Ст. Јурукоски ученик 2 раз. Крсто М. Чапароски уче. 2 раз. Ристе Ми. Попоски ученик 4 раз.

ЛАЗАРОПОЉЕ, г. Јаков Радев. маистор живописец 1 књига.

СЕЉЦЕ, Дончин С. Степаноски 1 књ.

БИТУШЕ, Стојан Март. Стончески, маистор ѓебарски 1 књига.

Слика 3. Страницата од *Тријазичникоѿ* на Пулевски каде се напишани Глигур и синовите



Слика 4. Приказ на потомците на Глигур Бужаровски (без гранката на Мијаил)


Ажи Глигур, како што бил нарекуван во Галичник, (во галичкиот дијалект наместо согласката *џ* се користи *ж* и се губи согласката *х*), имал своја куќа во Чучка маало во Галичник, која денес не постои. Куќата се наоѓала веднаш до куќата на Огњановци. Тој бил оженет со Елена Пулевска (≈1810 – ≈1880), сестра на Ѓорѓија Пулевски.[2] Во бракот имале пет сина, и тоа: Нестор (Насте), Кузман, прапра дедо ми Мијаил, Спиро и Генадија (Гене) (слика 4). Дали имале ќерки, не се знае (Бужаровски Т., недатирано; Бужаровски М., недатирано).

Нестор бил оженет со Велика и во бракот имале три деца: Злата, Тодор и Милан. Злата била омажена со Ѓене Чудулоски. Милан е роден во 1883 година. Бил оженет со Румена Лоноска и во бракот имале три сина и две ќерки. Синовите се викале Антон, Слободан и Симон, а ќерките Славка, омажена за Мане Пакоски, и Елена, омажена за Владимир (Ладе) Ажоски.

Кузман, вториот син на Глигур, бил оженет со Злата и во бракот имале син, Трајко Бужаровски, роден во 1895 година (Домовник 1932). Трајко имал жена по име Дилба и имале четири деца: Кузман, роден во 1927 година, Даница, родена во 1925 година, Цвета, родена во 1922 година (ibid.) и Анѓа, која била омажена за Јордан Плачкоски.

Спиро, третиот син на Глигур, е роден во 1872 година (ibid.). Бил оженет со Дена Гуржоска од Селце. Имал два сина кои починале млади, едниот на 3 години, другиот на 17 години, и две ќерки, Магдалена, омажена за Саве Чалоски, и Драгана, омажена за Ѓорѓе Пауноски.

[2] За потеклото на Елена Пулевска види Прилог 2.




Генадија, четвртиот син на Глигур, по занимање бил млекар и печалбар во Солун. Тој ја помагал и најверојатно бил член во Македонската револуционерна организација (Бужаровски Т. 2019). Во 1903 година во Солун се случиле Солунските атентати, кои ѝ дале можност на османлиската власт за пресметка со македонското револуционерно движење. Веднаш по атентатите властите започнале со убиства, претреси и апсења, при што само во првите два-три дена во Солун биле уапсени околу 300 души (Ѓорѓиев 2003, 486). Во апсењата, кои продолжиле и во нарднеиот период, биле уапсени, но и убиени, некои галички печалбари (Бужаровски Р. 1976, 126). По атентатите бил уапсен и потоа испратен во затвор и Генадија, но дали имал некакво учество во нив, не може со сигурност да се потврди. Кога и како бил ослободен од затвор, не е познато, а починал во Марсеј околу 1912/1913 година (Бужаровски Т. 2019). Генадија бил оженет со Санда Пакоска, родена во 1880 година (Домовник 1932). Во бракот имале ќерка и син, Софка и Велемир. Софка бил омажена за Тане Канчески и имале четири ќерки: Вита, Славка, Јелица и Иванка, и син Митко. Велемир Бужаровски е роден во 1903 година (Бужаровски Т. 2019). Тој бил печалбар во Солун. Бил во брак со Докија (1908–2001), ќерка на Деспот Луканоски. Во бракот имале девет деца: Јорда (починала млада), Ламбе, Блаже, Генадија, Спиро, Александра, Томо, Горица (Горче, починала млада во 1945 година) и Снежана. Ламбе е во брак со Елена и имаат еден син Велемир. Блаже е роден во 1930 година (Домовник 1932). Во брак е со Снежана и имаат два сина, Драган и Зоран, и ќерка Зорица. Генадија е роден во Галичник во 1932 година, а починал во Скопје во 2004 година. Основното образование го започнал во родното место, а по преселувањето на неговото семејство во Скопје во 1941 година, продолжил да се школува во Скопје. Завршил Архитектонски факултет, каде и магистрирал и докторирал и подоцна бил професор на Архитектонскиот и Градежниот факултет (Бужаровски С. 2021). Бил во брак со Лидија Округлиќ и во бракот имале две деца: Весна, родена во 1960 година, а почината во 1996 година, и Стефан, роден во 1962 година. Стефан има една ќерка, Лариса, која е омажена и има син, Тадеј. Спиро, четвртиот син на Велемир и Докија, е во брак со Веса Лазаревска од Битуше и во бракот имаат два сина, Душко и Влатко. Томо Бужаровски е роден во Галичник во 1939 година. Тој е правник и во 1997 година бил избран за претседател на Основниот суд во Дебар (Собрание на Република Македонија 1997, 98). Во брак е со Благуна Јаковлевска од Дебар и во бракот има четири ќерки: Аделина, Светлана, Биљана и Олгица (Бужаровски Т., недатирано).

ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА

Мијаил Бужаровски (средина на XIX век – ≈1930)

Мијаил Бужаровски е роден кон средината на XIX век. По занимање бил сточар и чувал овци. Името на Мијаил го среќаваме во *Зборникот* на Васил Икономов од 1895 година (слика 5). Тој е напишан како Михаил х. Глигоров, претплатник за еден примерок од оваа книга (Икономовъ 1895, VII). Според ова, изгледа дека Мијаил бил писмен, штом имал нарачано примерок од книгата.




VII

Гале Несторовъ, терзия. . 1
Панте Динковъ, „ . . „
Михаилъ Стефовъ „ . . „
Пане . . . . „ . . „
Аврамъ Несторовъ. . . . „
Софроний Марфевъ . . . „
Иованъ Митревъ . . . . „
Апостолъ Михаиловъ . . . „
Трайче Писевъ. . . . . „
Кузе Трайчевъ, учителъ. . „
Кърсте Митревъ . . . . „
Голе Ангеловъ, търговецъ . „
Иссо Геговъ Тулески . . . „
Меле Трайчевъ . . . . „
Драганъ Ар. Франговъ . . „
Марко Несторовъ . . . „
Братия Христови Бреза. . „
Русе Глигоровъ, търговецъ. „
Исаче Дуковъ . . . . . „
Иованъ Дуковъ, кехая . . „
Стефанъ Исияновъ, търгов. „
Евгений Глигоровъ. . . . „
Агапия Сламатовъ . . . „
Търпко Петревъ . . . . „
Кузе К. Карагйозовъ . . . „
Теодосия Никовъ, пѣвецъ . „
Михаилъ Гѣшковъ. . . . „
Апостолъ Филиповъ . . . „
Рафаилъ Апостоловъ. . . „
Яковъ Паневъ, кехая. . . „
Блаже Кузмановъ 1
Братия К. Герданчеви . . „
Петре Томовъ . . . . . „
Евгений Геговъ. . . . . „
Кърсте Стефовъ. . . . . „
Натанаилъ Антониевъ. . . „
Алекса Несторовъ. . . . „
Митре Яковов , . . . „
Исо Веловъ . . . . . „
Илъо Диговъ Мела . . . „
Ефре П. Куцулъ . . . . „
Деспотъ С. Куцулъ . . . „
Тарасия Андоновъ. . . . „
Николче Трифоновъ . . . „
Михаилъ Недѣлковъ . . . „
Гале Недѣлковъ . . . . „

Братия Велови 1
Арге Щерйовъ . . . . . „
Деспотъ Исачевъ . . . . „
Спиро Христовъ . . . . „
Гене Костовъ. . . . . „
Доксимъ Теофиловъ . . . „
Стилянъ Траяновъ. . . . „
Томо Арсевъ. . . . . „
Мане Яковов . . . . . „
Илия Никовъ, кехая . . . „
Трайче Луковъ, „ . . . „
Марко Алексовъ . . . . „
Теофилъ Иловъ. . . . . „
Йове Серафимовъ . . . . „
Косто Дойчиновъ . . . . „
Павле Ристевъ, кехая. . . „
Щерйо Костовъ. . . . . „
Михаилъ х. Глигоровъ . . „
Стаматъ Тодосиевъ. . . . „
Братия Героски. . . . . „
Арсе Стояновъ, терзия . . „
Митре Янчевъ. . . . . „
Иованъ Георгиевъ, иконопис. „
Михаилъ Костовъ . . . . „
Теофилъ Сековъ . . . . „
Яковъ Вельовъ. . . . . „
Тодоръ Дамяновъ . . . . „
Кърсте Ташовъ . . . . „
Пасхалъ Яковов . . . 1
Иованъ Яковов . . . . „
Стоянъ Никовъ Пакоски. . „
Серафимъ Ивановъ, търг. . „
Трайче Гиновъ . . . . „
Аврамъ Михаиловъ. . . . „
Ристе Арсевъ. . . . . „
Доксимъ Михаиловъ . . . „
Томо Галевъ. . . . . „
Меле Кузмановъ. . . . . „
Мино Глигоровъ. . . . . „
Мино Куневъ. . . . . „
Тане Иосифовъ. . . . . „
Якимъ Сотировъ . . . . „
Марко Кузмановъ . . . . „
Стефо Михаиловъ . . . . „
Кърсте Аврановъ . . . . „
Милошъ Стефовъ, кехая. . „

Слика 5. Страницата од *Зборникот* на Васил Икономов каде е запишан Мијаил




Слика 6. Приказ на потомците на Мијаил

Мијаил бил оженет со Анастасија (Наста) Ажоска. Во бракот имале повеќе деца, но многу е тешко да се утврди колку, бидејќи некои им умреле кога биле мали (слика 6). Дедо ми Славко кажуваше дека имале пет сина: Заге, Русе, Ефто, прадедо ми Апостол и Софре, и една ќерка за којашто мисли дека се викала Санда, која умрела млада. Заге бил најстариот, но умрел млад (Бужаровски С., Автобиографија а, недатирано, 1). Во еден запис на Софре Бужаровски среќаваме дека Мијаил и Наста имале пет сина со име Ефто, Софре, уште еден Софре, Русе, Апостол и ќерка Румена, од кои едниот Софре и Румена умреле млади (Запис на Бужаровски М., недатирано). Во едно семејно стебло за Бужаровци изработено од Томо Бужаровски пишува дека имале четири сина: Русе, Апостол, Заге и Софре, и ќерка Вита, родена 1903 година, а Ефто, којшто го имале, сигурно го пропушта. За Заге пишува дека умрел од скарлатина (Бужаровски, Т., Родослов, недатирано). Значи, со сигурност може да се потврди дека ги имале децата Русе, Ефто, Заге, Апостол и Софре. За другиот Софре и ќерките останува отворено прашањето, иако според наше мислење можно е да ги имале сите три ќерки, бидејќи во тоа време многу деца умирале уште додека биле мали.

Уште пред почетокот на Првата светска војна Мијаил заедно со семејството се отселил од Галичник и се населил во селото Црнеец (Црновец), Битолско. Во тој период бил голем бројот на семејства кои се отселувале од тој крај, главно поради грабежите и убиствата кои биле многу чести (Бужаровски Д., недатирано, 204–205), и почнувајќи од последните години на XIX век, па сè до 1918 година од Галичник се отселиле вкупно 197 семејства (Тодоровски 1970, 86). Најверојатно и Мијаил се имал отселено од Галичник поради грабежите, бидејќи тој неколку пати бил нивна жртва, според руските документи (Руски документи за Македонија и македонското прашање 2004). Тоа е еден список на грабежи во кои неговото име го среќаваме повеќе пати. На 9 септември 1903 година на Мијаил му биле украдени два коња кај селото Сарај, Скопско. Потоа на 26 септември истата година, на 1/4 час оддалеченост од Галичник, разбојници украле 250 овци од бачилото на Михаил Деспотов и Мијаил Бужаровски, и на 13 јули 1904 година од Говедарник повторно биле украдени 250 овци кои биле сопственост на Мијаил Бужаровски и Јосиф Новев (ibid., 312, 314). Но, разбојниците не биле задоволни од последниот грабеж и следниот ден се вратиле да ја украдат и преостанатата стока на бачилото, при што го заробиле и овчарот Секула Арсенов (ibid., 314). Инаку и во овие документи Мијаил е заведен како Михаил Х. Глигоров, како што беше и во *Зборникот* на Васил Икономов. Ова е чест обичај од тој период, наместо со презимето, луѓето да се заведени со татково или со дедово име, а некаде и со двете.

Во Црнеец Мијаил купил чифлик, кој го работел со синовите и од тоа се прехранувале (снимено искажување на Славко и Вера Бужаровски 2004). Во 1920 година тој го продал чифликот и се вратил во Галичник. Купил куќа во Пеш маало, од семејството Пачовци,



Слика 7. Скица од куќата на Мијаил Бужаровски

кое се отселило од Галичник во Скопје. Куќата била речиси нова, а ја платил 1000 златни наполеона (ibid.). Била градена во традиционален галички стил (слика 7). Славко Бужаровски ја опишува делумно куќата и како живееле во тој период:

Куќата беше масивно изградена, а ѕидовите беа дебели скоро еден метар, ѕидани од камен. Малтерот беше од глина помешан со плева. Влезот беше од западната страна. Постоеја два влеза. Едниот служеше за чување и молзење на овците (котар). Овој влез служеше и за влегување во тремот кој зафаќаше простор половина од куќата. Дворот беше ограден за лежење на овците и половината за молзење. Од половината кој служеше за молзење, од источната страна се влегуваше во градината која беше голема, располагаше со повеќе плодни дрвја, од кои две црешови, едно со модри сливи, една џанка и една јаболкница. Црешите узреваа многу касно, беа ситни, но многу слатки. Од тремот на крајот од западната страна имаше скришен подрум во кој се влегуваше од горната страна од втората половина, која беше изградена на земја поради конфигурацијата на теренот. Влезот водеше низ претсобје, на крајот постоеше отвор камуфлиран со капак, а над него се ставаа дрва кога некој од семејството требаше да биде скриен. Вториот влез прво имаше двор прилично голем, а преку него се одеше до главниот влез во куќата. Од западната страна имаше ливада, околу 200 м^2, која беше поврзана со северната страна, која исто така имаше ливада околу 100 м^2, и врата низ која влегуваа овците и излегуваа за одење на пасишта. Куќата имаше двор од 1200 м^2. (Бужаровски С., Автобиографија b, недатирано, 1)

Детално куќата е опишана и од Никола Кукоски, синот на Таса Кукоска:

Велелепна куќа, во традиционална галичка архитектура. Имаше големи черешници во дворот. А сега се останати само две јаболкници. Се сеќавам, како пред мене да е како дедото Апостол седеше под малечкото јаболкниче од источната страна. Пред куќата имаше градина. Куќата беше околу 11–12 метри на осум метри. На најдолното ниво се наоѓаше тремот кој беше од големи клепани камења. Тремот имаше велелепна врата со клепани камења. На второто ниво се влегуваше низ врата со клепани камења иста како на тремот. Кога се влегуваше, имаше по должината ѓезентија. Од десната страна беа собите, а од левата имаше две куќи. На крајот од ходникот беа скалите за горниот спрат. На горниот спрат, од предната страна имаше чардак

> и една соба, мислам, а од задната страна имаше исто така соби. Многу убава куќа, градена од масивни камења со црвеникава боја. Со камењата од вашата куќа после се направија едно три-четири куќи. (Кукоски 2021)

Димитрије Бужаровски, кој е последен кој се сеќава на куќата пред да се сруши, исто така ја опишува и наведува:

> Се сеќавам на куќата. Кога бевме првиот пат во Галичник влеговме внатре. Влеговме од главната порта на најдолниот спрат. Таму се наоѓаше една голема просторија, трем каде што го чувале добитокот. Потоа се качивме на другите два ката каде беа собите. Се одеше по внатрешни скали. Последниот кат беше целиот од дрво многу убаво направен. Прозорите и сè останато беше во многу добра состојба. Малку некои работи да се средеа, и можеше да се живее. Веќе по неколку години, кога отидовме повторно, од куќата немаше ништо останато. Само камењата од портата уште стоеја. (Бужаровски Ди. 2021)

Откако се вратил во Галичник, Мијаил купил околу 200 овци и четири коњи (Бужароски Р. 1976, 27). На двајцата синови, Апостол и Софре, им дал одредена сума пари и им кажал да одат на печалба, додека Русе, кој кривел на едната нога, останал во Галичник и ги чувал овците (Бужаровски С., Автобиографија а, недатирано, 2; снимено искажување на Славко и Вера Бужаровски 2004). Од овие овци се издржувало целото семејство, бидејќи тогаш се живеело во заедница. По смртта на Мијаил околу 1930 година, одредено време семејството продолжило да живее во заедница, но потоа се јавила неслога и тие се поделиле.

Инаку семејствата во Галичник кои биле поголеми, како што е случајот и со Бужаровци, се делеле на Горни и Долни, или пак, Горни, Долни и Средни, во зависност од тоа во кои маала живееле според надморската висина. Бидејќи Мијаил купил куќа во Пеш маало, а неговата куќа е воедно и во последните највисоки редови, оваа гранка од семејството е наречена Горни Бужаровци, а имало и Средни и Долни Бужаровци (Меловски Љ. 2018). Средни Бужаровци се наречени браќата на Мијаил, Спиро и Генадија и нивните потомци, кои изградиле своја куќа во Средното маало во Галичник, додека пак сите Бужаровци кои останале во Чучка маало се наречени Долни Бужаровци.

Анастасија (Наста) Бужаровска, род. Ажоска (1865–1947)

Наста или Мијаилица, како што биле нарекувани тогаш жените, по името на мажот, била родена во 1865 година во Галичник. Таа потекнувала од галичкото семејство Ажовци. Татко ѝ се викал Аврос Ажоски, а името на мајка ѝ не ни е познато (Аџовски 2021).


Семејството Ажоски потекнува од семејството Буцевци, но по Аврос кој бил на аџилак во Ерусалим, таа гранка на семејството започнала да се презива Ажовци (ibid.). Аврос е роден на почетокот на XIX век. Татко му се викал Серафил Буцески. Тој бил роден 1782 година, а починал 1855 година (Буцевски 1986/1995). Покрај Аврос, тој имал уште еден син, Шпиро Буцески. Откако изгорела куќата на Серафил, која не е познато каде точно се наоѓала, но најверојатно била до Гролковци и Дирлевци, синовите на Серафил се поделиле. Аврос направил своја куќа во Пеш маало (ibid., 2).

Со што се занимавал Аврос Ажоски не е познато. По тоа што неговите синови, па и внуци биле млекари, можеме да претпоставиме дека и тој бил млекар. Аврос покрај Наста имал уште два сина по име Василко и Томо и две ќерки, Санда и Магда (слика 9). Томо бил роден 1877 година (Домовник 1932). Бил оженет со Галена Каркинска и во бракот имале два сина, Аврос и Владимир, и една ќерка Вита која починала релативно млада, а била омажена за Артимон Бундалески. Томо со синовите работел во Солун во млекарскиот дуќан со Апостол Бужаровски каде биле ортаци.



Слика 8. Од лево Наста Бужаровска, десно Санда Бужаровска, род. Јурукоска. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Василко, другиот брат на Наста, не е познато кога бил роден, а умрел на 7 јуни 1910 година. Тогаш тој бил киднапиран од арамии, бил многу тепан и кога бил ослободен, веќе бил полумртов, по што починал (Архив МАНУ НР 55). Василко бил во брак со Арсена Камбуроска со која



Слика 9. Приказ на потомците на Аврос Ажоски



Слика 10. Во средина Наста Бужаровска, напред, лево од неа, Миле и десно Гапе Бужаровски, а позади лево Заге и десно Иван Бужаровски. Од семејната архива на Владимир Бужаровски

имал три сина: Ламбе, Драган и Рафаило, и две ќерки: Галена, омажена за Спиро Пакоски, и Цвета, омажена за Стрезо Прелоски (Буцевски).

По смртта на сопругот Мијаил, Наста некое време била глава на семејството. Тоа траело сè до 1933 година кога синовите се поделиле. Во 1939 година најмалиот син Софре се преселил да живее во Скопје, и таа, најверојатно, според галичката традиција во која родителите живееле со најмалиот син, се преселила во Скопје. Таму и починала во 1947 година. Прво била закопана на германски гробишта, (не е познато од кои причини), па подоцна била пренесена во Бутел (Бужаровска Т. 2019).

ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА

Ефто Бужаровски (≈1880-ти – 1920-ти)

Ефто Бужаровски бил најстар од децата на Мијаил и Наста кој го преживеал детството. Бил роден во деветтото десетлетие од XIX век. Се оженил со жена од семејството Шандуловци, која била болна од туберколоза. Но, за тоа не била ни самата свесна, па од неа се заразил и Ефто и набргу потоа починал, а жена му успеала да се излечи. Во бракот немале деца. Починал најверојатно во 1920-тите години (Запис на Бужаровски М., недатирано).

Дедо ми Славко за стрико му Ефто вели: „Тој бил многу личен, многу паметен и многу, шо се вика, се разликувал од другите синови“ (снимено искажување на Славко и Вера Бужаровски 2004).



Слика 11. Ефто Бужаровски фотографиран во 1923 година. Од архивата на Томо Черепналкоски


Русе Бужаровски (1888–1940-тите)

Русе, според еден домовник, е роден во 1888 година (Домовник 1932), но во овој домовник за другите членови на семејството се појавуваат грешки, па можно е и Русе да е роден некоја година порано или подоцна. Тој, најверојатно, додека сè уште бил дете ја имал удрено ногата и од тогаш бил инвалид и кривел (Бужаровски С., Автобиографија а, недатирано, 1). Затоа по враќањето од Црнеец во Галичник татко му му купил стотина овци кои ги чувал до својата старост (снимено искажување на Славко и Вера Бужаровски 2004). Во 1943 година заедно со семејството се преселил во Битола, каде што и починал (Записи на Доксим Михајлоски-Бато, недатирано; Попоска 2021).

Русе бил оженет со Роска. Таа, според истиот домовник, била родена во 1892 година (Домовник 1932). Во бракот тие имале два сина, Борис и Иван. Според личните документи, Борис бил роден во 1917 година, но оваа година, според Попоска, е погрешна и бил неколку години постар (Попоска 2021). Тој пред Втората светска војна бил на печалба во Белград и работел кај чичко му Софре. Потоа, во периодот на Втората светска војна бил партизан и началник за Дебар. Откако се преселил во Битола, тој работел во општината, па во Заводот за вработување каде останал сè до пензионирањето (ibid.). Борис се женел три пати. Првиот брак му бил со Љуба Гуржоска од Селце, која починала млада на 24 години. Во овој брак ги имал ќерките Вера, родена во 1947 година и Ратка, родена во 1949 година. По смртта на Љуба се оженил со Морфа од Лазарополе. Од овој брак тој ја имал ќерката Цвета, родена во




Слика 12. Од лево прв ред: Иван, Заге, Гапе и Миле Бужаровски; втор ред: Рокса, Кала и Санда Бужаровски; трет ред: непозната, Борис Бужаровски и Таса Кукоска. Фотографирано во 1930-тите години. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 13. Приказ на потомците на Русе

1955 година, а Морфа со себе донела и ќерка од првиот брак, Драга. Борис подоцна се развел од Морфа, а кратко пред неговата смрт се оженил по трет пат со Стојна. Во бракот немале деца. Имал сериозна деформација на кичмата (грпка, како што ја нарекувале), најверојатно уште од раното детство.

Иван, другиот син на Русе, бил роден во 1927 година (Домовник 1932). Тој починал на 22 години на 30 јуни 1949 година од туберколоза, додека го отслужувал воениот рок (Бужаровски С., Автобиографија а, недатирано, 2).



Слика 14. Борис Бужаровски. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 15. Славко Бужаровски, Љуба Гуржоска и Борис Бужаровски. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Софре Бужаровски (1906–1965)

Софре Бужаровски е роден во Галичник во 1906 година. Детството го поминал во селото Црнеец каде работел на чифликот на татко му. Откако неговото семејство се вратило во Галичник, како што споменавме, татко му Мијаил на Апостол и на Софре им дал пари за да одат на печалба. Софре заминал на печалба во Белград. Таму со тек на време тој успеал да отвори дуќан во кој продавал млечни производи. Во овој дуќан работел сè до почетокот на Втората светска војна.

Околу 1939 година Софре купил куќа кај денешната Грчка амбасада и таму го преселил неговото семејство од Галичник. По бомбардирањето на Белград во 1941 година тој се вратил во Скопје. Во куќата каде што живеел, отворил гранап, каде продавал месни и сувомеснати производи (Шожу В. 2021). Починал во Скопје во 1965 година.

Софре бил оженет со Санда Јурукоска, ќерка на Крсте Јурукоски и Митра Угриноска. Таа била родена во Галичник во 1914 година, а починала во Скопје во 1983 година. Во бракот имале три деца: Агапија (Гапе), Михајло (Миле) и Васка (слика 18).

Агапија (Гапе) е роден во Галичник во 1933 година. Всушност, тој како најстар син требало да биде крстен Михајло, по дедо му Мијаил. Меѓутоа, бидејќи бил роден предвреме, на седум месеци, за него се очекувало дека нема да преживее. Затоа бил однесен во црква, колку за да биде крстен пред да почине, и бидејќи тој ден бил Св. Агапија бил крстен со тоа име. Но, тој успеал и го преживеал критичниот период. Бидејќи бил роден пред време и мајка му немала млеко, бил доен, меѓу другото, и од коза, па постојат и неколку анегдоти поврзани со овој настан (Попова 2022). Гапе имал завршено средно електротехничко училиште во Скопје. Потоа бил и на некаква специјализација во Сараево. Првин кратко време работел во Пошта, а потоа се вработил во фирмата „Телефон монтажа“, каде го поминал целиот свој работен век сè до пенизионирањето. Долг период бил и комерцијален директор на истото (Бужаровска Т. 2022). Тој бил во брак со Аспасија, родена во 1937 година и во бракот имаат две ќерки, Татјана и Александра. Татјана е родена во 1963 година и е дипломиран економист. Александра е родена во 1965 година. Таа има завршено Технолошко-




Слика 16. Санда и Софре Бужаровски. Од семејната архива на Владимир Бужаровски



Слика 17. Напред Васка, во средина Наста Бужаровска, лево од неа Миле, десно Гапе, и позади стојат Санда и Софре Бужаровски. Од семејната архива на Владимир Бужаровски

металуршки факултет во Скопје, каде што магистрирала и докторирала. На истиот факултет е вработена како редовен професор, а во периодот од 2015 до 2019 година била и продекан за наука и меѓународна соработка. Таа е во брак со Круме Попов, роден во 1959 година, и имаат една ќерка Кристина. Кристина е родена во 1995 година. Има завршено високо образование на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, а магистрира во 2022 година на TU Graz (Technical University of Graz), на насока софтверски инженеринг и менаџмент.

Михајло (Миле) е роден во Галичник во 1934 година, а починал во Скопје во 2002 година. Завршил Архитектонски факултет и потоа работел како главен инженер за подготовка во „Бетон“ (Бужаровски В. 2018).



Слика 18. Приказ на потомците на Софре Бужаровски



Слика 19. Од лево: Гапе, Санда, Софре, Миле и Васка Бужаровски и Апостол Шожу. Од семејната архива на Владимир Бужаровски

Михајло се оженил со Виолета, родена во 1947 година, и во бракот имаат син Владимир, роден во 1982 година. Тој има завршено социологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Во брак е со Радмила и имаат три сина: Марко, роден во 2015 година, Костадин, роден во 2018 година и Никола, роден во 2020 година.

Васка е најмалото дете на Софре и Санда, родена во Галичник во 1936 година. Таа завршила вишо училиште за медицински сестри. Потоа била на обука во Лондон, во период од една година, каде и работела, а по враќањето во Македонија работела на Клиниката за уво, нос и грло сè до пензионирањето (Шожу Е. 2021). Омажена е за Апостол Шожу и во бракот имаат две ќерки, Ирена, родена во 1970 година, и Елеонора, родена во 1973 година, која работи како лаборант на Клиниката за клиничка биохемија.

Апостол Бужаровски (1893/4–1956)

Апостол Бужаровски, според еден пасош, е роден во 1893 година во Галичник (Патна исправа), а според книгата на венчани, во 1894 година (Књига за уписавање и оглашавање 1920, 6). Која од овие години е точна, нема начин да се утврди. Во Галичник сите го викале Постол.

За време на Првата светска војна Апостол бил мобилизиран од Бугарите, но успеал да избега и да се врати во Црнеец. Таму тој заедно со своите браќа работел на чифликот. Во 1920 година, откако татко му Мијаил го продава чифликот и се враќа во Галичник, Апостол со парите кои му ги дал татко му заминал на печалба во Солун. Во тој период голем број галичани заминувале во овој град на печалба. Таму тој отворил дуќан за млечни производи на улицата Монастиријон бр. 57 (Бужаровски С., Автобиографија а, недатирано, 3). Подоцна за ортак во дуќанот го зел вујко му Томо Ажоски, а како вработени биле и зетот на Томо, Харалампие, и од 1934 година и дедо ми Славко Бужаровски (Бужаровски С., Автобиографија а, недатирано, 15). Апостол го држел овој дуќан сè до бомбардирањето на Југославија и Грција од страна на Германците. По овие настани тој се вратил во Галичник.

Во периодот на Втората светска војна во Галичник имало една група напредни младинци кои ги пропагирале идеите на Комунистичката партија и организирале разни собири. Ристо Бужароски вели дека покрај младите во Галичник имало и една група постари галичани кои гледале со симпатии на сите напредни манифестации и ги помагале акциите на младинците. Меѓу нив е вброен и Апостол Бужаровски (Бужароски Р. 1976, 176).



Слика 20. Софре (лево), Славко (стои во средина) и Апостол Бужаровски (десно) во Солун, во 1930-ите години. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Кога во Галичник во септември 1942 година бил формиран првиот народноослободителен одбор, како негов член влегол Апостол Бужаровски заедно со Исо Режоски, Тошо Поповски, Ладе Контески, Ристе Бужароски, Крсте Маркоски и Аврам Пендароски, а претседател на одборот бил илинденецот Пејчин Томоски (ibid., 191). Во периодот на војната Апостол и сопругата Кала во својата куќа криеле партизани од Беличица и други места и им обезбедувале храна (Кукоски 2021).

По ослободувањето Апостол работел во задругата во Галичник како кравар во Стопанче, месност која се наоѓа над фудбалското игралиште, пред влезот во Галичник (Граоркоски-Веле 2010, 51; Кукоски 2021).

Апостол се женел два пати. Првиот брак му бил со Румена Мелоска (слика 22).[3] Се земале на Петровден во 1920 година (Книга за уписавање и оглашавање 1920, 6). Во овој брак го имале само дедо ми Славко. По смртта на Румена (починала 1927 година), Апостол во 1928 година повторно се оженил. Втората жена се викала Кала, ќерка на Мелетије и Доста Цубалески. И на Кала тоа ѝ бил втор брак. Првиот брак ѝ бил со Лазар Бундалески и со него имала една ќерка, Таса. Бидејќи Лазар ја оставил Кала, а официјално се немале разведено, Апостол и Кала не можеле да се венчаат сè до 1938 година (Черепналкоски 2018). Официјално стапиле во брак на 11 август 1938 година (Домовник 1932). Во бракот со Кала, Апостол го имал синот Заге Бужаровски (слика 23). Апостол ја израснал и ќерката на Кала од првиот брак, Анастасија (Таса) и ја чувал како своја ќерка. Таа првите години растела со родителите на Кала, а потоа дошла во куќата на Бужаровци. Дедо ми Славко, иако не бил во крвно сродство со неа, ја сметал за сестра и биле многу блиски. Таса била родена на 20 мај 1925 година, се омажила за Љубе Кукоски, роден во 1928 година, (слика 24) и во бракот имале четири деца: Оливера, родена во 1948 година, Никола, роден во 1951 година, Дуко, роден во 1952 година и Иван, роден во 1954 година (Кукоски 2021).



Слика 21. Напред лево Апостол Бужаровски, десно Иван Шушлески, втор ред од лево: Славко Бужаровски, Аврос Ажоски, Дамјан и Тодос Шушлески. Фотографирано во Солун во 1930-ите години. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Кала била родена во 1901 година. На карактер била добра, тивка и бистра жена, а на раст била ситна (Блажевска Бужаровска 2021). По ослободувањето некое време работела во килимарницата во Галичник како предачка (Граоркоски 2010, 50).

Во 50-тите години, кога веќе од Галичник започнале помасовни преселби, Апостол и Кала се преселиле во Скопје, како пензионери. Апостол починал во 1956 година, како последица од слепо црево или чир, а Кала починала во 1980 година (Блажевска Бужаровска 2021; Бужаровска 2021).

Апостол бил добар, работлив, грижлив и совесен човек, но во дадени ситуации без причина знаел да подвикне (Кукоски 2021). Една случка говори за неговата

[3] За Румена види во делот за семејството Мелоски.



Слика 22. Свадбата на Апостол Бужаровски и Румена Мелоска во 1920 година. Од лево стојат Румена Мелоска, Апостол Бужаровски и Ристе Мелоски. Седнати се Стојан и Анѓа Мелоски (родителите на Румена) и во раце Анѓа го држи Трајче Мелоски. Напред се, најверојатно, Цвета и Нове Мелоски, кои починале како деца. Од архивата на Дамјан Бужаровски

грижливост. Било зимно време, Втората светска војна била завршена и Таса била отидена во киното каде се организирале разни игранки. Кога тргнала да си оди дома, фатило големо невреме. Не можела да стигне до куќата од наметите снег кои биле 1-1,5 метри високи. Со викање успеал да ја слушне Апостол, кој со лопата ринел можеби 50 метри за да стигне до нејзе. Тој се грижел за неа исто како да е негова ќерка (ibid.).



Слика 23. Кала, Заге и Апостол Бужаровски фотографирани во Скопје во 1954 година. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 24. Љубе и Таса Кукоски. Од архивата на Дамјан Бужаровски

ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА

Славко Бужаровски (1922–2006)



Слика 25. Славко Бужаровски, фотографиран во 1951 година. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 26. Славко Бужаровски на печалба во Солун во 1934 година. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Детство

Дедо ми Славко Бужаровски е роден на 23 септември 1922 година во Галичник.[4] Крстен бил како Светислав Бужаровски, но освен во матичната книга на родени, во сите други документи се водел како Славко и сите така и го нарекувале. Поради тоа, во 1977 година и официјално го сменил името во Славко, бидејќи настанало проблем кога требало да добие некој документ, а во изводот од матичната книга на родени му пишувало Светислав (Собрание на град Скопје 1977).

На пет годишна возраст ја загубил мајка си, која, како што видовме погоре, починала од туберколоза. За него целата грижа ја преземала баба му Наста Бужаровска, која му била како мајка (Бужаровски С., Автобиографија а, недатирано, 7).

Кога наполнил 12 години, во септември 1934 година, по традицијата во тоа време, татко му го зел со него на печалба во Солун, каде, како што видовме, имал дуќан во кој продавал млечни производи. Децата кои прв пат заминувале на печалба биле нарекувани солуничиња, и со нивното испраќање од селото постоеле цела низа на обичаи. На печалба во Солун Славко останал сè до 1938 година (Пословна књижица 1939, 3). Во периодот додека бил таму учел во грчкото училиште (свидетелство кое што е останато за завршен Б клас). За своето детство Славко вели „детството многу лошо го поминав, во печалбарство“ (Снимено искажување на Славко и Вера Бужаровски 2004).

Од непознати причини, во 1938 година Славко заминал на печалба во Белград

[4] Не е познато од кои причини во свидетелствата за завршена гимназија се води еднаш дека е роден на 27.5.1922 година, а друг пат на 25.7.1922 година (Државна прва машка гимназија. 1947; Државна гимназија „Цветан Димов“ 1948 а). Треба да се нагласи дека овие години се погрешни.

(Пословна књижица 1939, 6) и започнал да работи во млекарскиот дуќан неговиот чичко Софре. Работел сè до почетокот на Втората светска војна. Според кажувањата на Владо Бужаровски, неколку часа пред да биде бомбардирана Југославија од Германија, набрзина се спремил и тргнал со воз кон Скопје. Парите што ги имал заработено во Белград ги ставил во поставите на двете јакни што ги имал на себе. Возот бил бомбардиран, но тој имал среќа и успеал да скокне навреме (Бужаровски В. 2020). Потоа се вратил во Галичник.



Слика 27. Десно Славко Бужаровски, фотографирано во Белград. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Периодот на Втората светска војна

По започнувањето на војната, во Галичник се вратиле речиси сите печалбари, па дури и оние кои биле заминати на поодалечените места. Ристо Бужароски за ова вели: „се чини дека во Галичник никогаш не биле собрани заедно толку мажи во селото“ (Бужароски 1976, 180). Галичник паднал под италијанска окупација, а набргу потоа дел од галичаните, поради тешките услови во Галичник, започнале да пребегнуваат во делови кои биле под бугарска окупација. Славко со уште тројца другари – Тодос Шушлески, Перо Јанкулоски и Софре Маркоски, решиле да побегнат од Галичник за да бараат работа. Имале проблем, бидејќи на црно ја минувале границата, но успеале да преминат и дошле во Скопје. Таму се разделиле и секој си заминал на своја страна. Славко кратко останал кај чичко му Софре, кој со своето семејството и баба му Наста веќе живееле во Скопје (Бужаровски С., Автобиографија а, недатирано, 4–7). Потоа заминал за Софија каде



Слика 28. Славко Бужаровски како партизан (крајно десно). Од архивата на Дамјан Бужаровски

се занимавал со трговија. Подоцна преминува и во Валона во Албанија, исто така занимавајќи се и со трговија и како наемен работник.

Во 1943 година Славко отишол во партизани. Не се знае точно од кое село се тргнало, но според неговите кажувања, од селото имало повеќе младинци кои биле испраќани од семејствата и само тој немало никој да го испрати. Следниот ден имало битка во која загинале поголемиот број од новите војници, но тој успеал да се спаси (Бужаровски Ди. 2020а). Каде се борел потоа, нема податоци, но познато е дека во прво време бил во Триесет и втората пешадиска чета со команда во Ростуше, каде претежно имало галичани, но и некои Мијаци од соседните села (Граоркоски 2010, 45).

По Втората светска војна до демобилизирањето од војската

По ослободувањето на Македонија, во 1945 година Славко бил назначен за управник на затворот на Кале. На оваа позиција останал неколку месеци и потоа преминал во интендантската служба, којашто се наоѓала кај старата железничка станица, денес Музеј на Град Скопје (Бужаровски Ди. 2020а). За своите достигнувања во војната бил одликуван со „Орден заслуге за народ, III ред“ и со „Медаља за храброст“.

Како што видовме погоре, Славко имал работено во Солун и учел во грчко училиште, така што го знаел грчкиот јазик. Во 1946 или 1947 година бил повикан во командата на областа и му било кажано да подигне нова униформа и да се подготви за патување во Атина каде би бил назначен за воен аташе на ФНР Југославија.Тој одговорил дека би сакал да размисли и со оглед на воената хиерархија го деградирале од чин капетан во чин потпоручник, по што го испратиле да служи во казнената единица (составена од војници испратени по казна) во Качаник (ibid.). Таму се разболел од маларија, а во првите повоени години боледувал и лежел во Воената болница во Скопје и од инфективен хепатит кој му оставил трајни последици на хепарот (Бужаровски В. 2020).



Слика 29. Славко Бужаровски со чин капетан. Од архивата на Дамјан Бужаровски

По овие настани, Славко повторно напредувал и стигнал до чинот капетан прва класа. Во периодот од 1946 до 1948 година тој вонредно го дооформил основното образование, односно, како што го викале, мала матура (Државна прва машка гимназија 1947; Државна гимназија „Цветан Димов“ 1948 a; Државна гимназија „Цветан Димов“ 1948 b; Државна гимназија „Цветан Димов“ 1948 c).

По демобилизирањето од војската

Во 1950 година Славко се демобилизирал од војската, како делумен воен инвалид (поради прележаните болести). На ова посебно инсистирала сопругата Вера. Демобилизирањето, како што и самиот тој кажува подоцна, го сметал за грешка, бидејќи во војската би можел да направи поголема кариера.

По демобилизирањето Славко и Вера Бужаровски се соочиле со економски проблеми. Живееле под кирија во стан на улица „Народен фронт“, кој го делеле со уште едно семејство (Рафе Черепналковски, исто од Галичник). Всушност, од двособниот стан тие добиле една соба и претсобјето, купатилото било заедничко, а останатиот дел со собата и кујната го имало другото семејство. Во 1952 година им се родил првиот син Димитрије. Славко требало да се вработи во тогашното Министерство за трговија, но тоа било расформирано. Така, два месеци останал без работа. Му било понудено да се врати во војската, но поради гордоста не се вратил. Потоа работел во Главниот одбор на воени инвалиди во стопанската управа како комерцијален референт, во кој работеле главно воени инвалиди. Но, по некое време управата се расформирала и се вработил во едно од претпријатијата како претставник и продавач на мало. На ова работно место останал до 1953 година (Бужаровски С. Среќно семејство, недатирано, 2). Тогаш тој успеал да добие стипендија од ЦК на КПМ за да се запише во средна економска школа, односно, како што бил наречен, економски техникум. Во економскиот техникум се запишал и го завршил за кус рок во 1955 година (Економски техникум „Борис Кидрич“ 1955), односно полагал по две години во една.

По завршувањето на економскиот техникум се вработил во општината Кале, како в.д. началник на одделението за стопанство и финансии, а во 1961 година бил назначен за началник на истото одделение (Народен одбор на Општина Кале 1961). Во овој период финансиската состојба значително им се подобрила. Во 1959 година успеале да добијат и државен двособен стан на улицата „Ленински Комсомол“ бр. 52 (слики 30 и 31).

Станот бил во нова зграда веднаш позади Општината Идадија, и бил првобитно наменет за високи функционери во владата, но во меѓувреме е направена одлука за нив да се градат куќи во населбата Водно, и само во еден стан привремено ќе се всели Методија Митовски Брицо со семејството, и веднаш следната година ќе се пресели на Водно. Во тој стан ќе се всели Блаже Конески со семејството. Во истата зграда има уште две семејства од општински функционери, потоа Трајко Стаматовски со семејството (со Блаже Конески во таа зграда го пишуваат првиот речник на македонски јазик) и архитектот кој ја има проектирано зградата Ушински (Димитрије Бужаровски не се сеќава на името), и кој подоцна ќе биде еден од архитектите кои ќе учествуваат во проектирањето на Скопје по земјотресот. За жал, во земјотресот во 1963 година, таа ќе биде делумно оштетена и ќе биде донесено решение за нејзино уривање (Бужаровски Ди. 2021).

Среќата и радоста од новиот стан ќе им се поремети со ненадејната смрт на вториот син Михајло (Буце) кој е роден во 1957 година и ќе почине во 1960 година под нејасни околности. Во овој стан во 1963 година, месец дена пред земјотресот ќе биде роден и третиот син Владо Бужаровски.





Слики 30 и 31. Зградата на улицата „Ленински Комсомол“ бр. 52 фотографирана по земјотресот. Во сл. 30 првиот стан над гаражите е на Бужаровски, а во сл. 31 истиот стан е прикажан од задниот дел кој гледа кон дворот. Отворените ролетни се од собата во која се наоѓа пијаното. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Интересно е дека ноќта пред земјотресот, односно на 25 јули, Славко го однел Димитрије во детското одмаралиште на Водно. Од земјотресот вратата од станот се заглавила и тие останале внатре и до вториот земјотрес кога конечно Славко успеал да ја скрши. По излегувањето од оштетената зграда (прескокнувале преку скалите, инаку во зградата во тој момент скоро и немало никој, сите биле на одмори), Славко се вратил да земе пелени за бебето. Потоа отишле во куќата на семејството на Брицо на Водно (во меѓувреме, една година претходно, Брицо починал од срцев удар во Охрид), и Славко буквално со трчање стигнал до одморалиштето (еден час по земјотресот) и со Димитрије, со џип кој се наоѓал во одморалиштето, се вратиле повторно до куќата која е на подножјето на планината. Одморалиштето од еноспратни згради, претрпело само мали оштетувања. Иако времето било ведро, целиот град бил покриен со прашина, и не можело да се види што се случува во него. По земјотресот, со првиот воз од разрушената железничка станица, некаде околу пладне (бил преполн со луѓе), заедно со Вера, Димитрије и Владо, се префрлаат до Титов Велес, и од таму со автобус до Битола каде стигнале доцна вечерта. Славко веднаш следниот ден се вратил во Скопје, и живеел во шатор, дури и во зимскиот период. Придонел за обновата и изградбата на Скопје и во 1973 година, по повод десетгодишнината од земјотресот, му била доделена и Повелба.

Многу интересен елемент за сфаќањето на личноста на Славко, но секако и на Вера Бужаровска, е купувањето на пијаната. Уште во 1958 година, и покрај минималниот простор, бидејќи Димитрије веќе бил примен во нижото музичко училиште како посебен талент,[5] Славко патувал до Загреб и од едно семејство (на старата хрватска аристократија) го купил првото пијанино, кое со воз го пренесол во Скопје. Пијаниното било поставено во стеснетиот простор на влезното претсобје од станот. Всушност, бидејќи овој стан се наоѓал на подигнатото приземје зградата имала три спрата, Рафевци, како што по галичката традиција било нарекувано второто семејство, имале влез преку малата тераса од страна и тоа претсобје го користеле само Бужаровци. По преселувањето во новиот стан, Славко, повторно отпатувал во Загреб, од истото семејство купил пијано и на ист начин го пренесол до Скопје. Штимерот Фазекаш сметал дека пијаниното било поквалитетно, но сепак пијаниното било продадено и пијаното било поставено во една од собите, која воедно била и соба на Димитрије.



собранието на град скопје
одбележувајќи ја
десетгодишнината од катастрофалниот земјотрес
и
на обновата и изградбата на скопје
ја доделува оваа
повелба
на
Славко Бужаровски
како израз на признание за особени заслуги
во обновата и изградбата на скопје
во скопје, на ден 26 јули 1973 година
собрание на град скопје
претседател
драгољуб ставрев

Слика 32. Повелбата која му била доделена на Славко Бужаровски. Од архивата на Дамјан Бужаровски

По земјотресот, Славко успеал да ангажира група руски војници (Скопје е познато како првиот простор во кој на мирновременска мисија ќе се сретнат американските и руските војници) да дојдат со висок камион, за да го извадат мебелот и посебно пијаното од разрушениот објект. Бидејќи скалите биле многу оштетени, тие ги искршиле рамките од едниот прозорец и од него директно ги ваделе работите на платформата на камионот. Зградата имала седум станови, четири од левата и три од десната, поставени на полуспрат во однос на другиот дел од зградата. Станот на Бужаровски се наоѓал на првиот меѓуспрат (од трите стана), така што не бил многу високо. Во еден момент, кога го ваделе клавирот, фатил земјотрес и војниците скокнале и го оставиле да виси. Потоа некако успеале да го натоварат и заедно

[5] За подетален опис околу запишувањето на Димитрије Бужаровски во нижото музичко училиште и неговите





Слики 33 и 34. Славко и Вера Бужаровски. Од архивата на Дамјан Бужаровски

со другиот мебел и покуќнина (повеќе кревети, шифоњери, маси, комоди, фрижидер, шпорет итн.) да го однесат во Битола. Со оглед на малиот простор во куќата на Стево и Тодорка Николовски (родителите на Вера), пијаното било однесено во дуќанот на Стево во старата чаршија, еден ред позади првиот ред кај Ленски мост, во непосредна близина на дуќанот за поправка на радиоапарати на Симон Бундалевски.


Дуќанот на Стево всушност бил трансформиран во браварска работилница, каде Стево поправал различни делови за пумпи за вода (кои ги инсталирал во соседните села на Битола). Пијаното било поставено во средината, бидејќи од страна биле браварските столови, машини и алат, се разбира, врз црниот под замастен од масло и метални струготини. Самиот дуќан бил типичен занаетчиски дуќан од турската чаршија од претходниот XIX век, во кој во основниот дел требало да се продава и излага стоката, во поткровјето (вообичаено многу ниско) се изработувале производите, а под главната просторија имало подрум. Ќепенците биле метални и, како што беше напоменато, Стево Николовски дуќанот го имаше претворено во работилница, иако во неа можеа и да се купат пумпи за вода (ibid.).

почетоци види во книгата *Од Шеќерна до Десйина* (Бужаровски Ди. 2020, 51).

Бизарната слика и контрастот на пијаното со целото опкружување била надополнета со тоа што Димитрије вежбал во него (кога не било многу ладно), и Симон Бундалевски, кој и немал многу работа со поправките на радиоапаратите, со задоволство доаѓал, седнувал на столче и го слушал како свири (најверојатно потсетувајќи се на претходните раскошни времиња од неговиот живот).

При заминувањето од Битола, пијаното ќе биде продадено на семејството Талевски, посебно за пијанистката Кармен Талевска, подоцна Костова. Во Скопје следната 1964 година ќе биде купено третото пијанино Петроф, од групата пијанина кои тогаш ќе стигнат во Скопје во продавницата „Музички магазин“ (денешен „Рекорд“), кое до денес се наоѓа во семејството Бужаровски во бараката во Тафталиџе (ibid.).

Импресивно делува дека Славко и Вера Бужаровски, кои дотогаш немале скоро никакви контакти со класичната музика, се ангажирале толку многу за да го помогнат музичкиот развиток на Димитрије, а потоа ќе продолжат и со Владо, кој исто така ќе биде запишан во Нижото музичко училиште. Реконструирајќи ги настаните на купувањето на трите пијана, Димитрије всушност ја открива нивната врска со хонорарите што му биле доделени за учеството како дете во три големи проекти. Најнапред е филмот *Виза на злото* (1959), потоа улогата во филмот *Давид, Голијат и петел* (1960), и на крајот главната улога во операта *Оџачарчето Сејм* (1961/62 и 1962/63). И наместо тие хонорари да ги употребат за други намени (сигурно им биле потребни, уште првиот хонорар кога немале ни стан), тие се одлучиле да ги употребат за оној којшто ги заработил. Оваа практика е сосема различна од практиката на нивните родители, времето во кое тие пораснале, каде целиот приход одел кај главата на семејството (Славко сè што заработувал му давал на татко му Апостол скоро до средината на 1940-тите). Можеме да ја замислиме и перипетијата да се патува до Загреб и од таму да се организира превоз на музички инструмент до Скопје.



Слика 35. Вера, Димитрије и Славко Бужаровски. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 36. Вера и Славко Бужаровски пред бараката во дворот во Тафталиџе. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Во 1964 година Вера и Славко, како и останатите семејства со оштетени објекти, добиваат барака на користење во скопската населба Тафталиџе 1, на улица „Букурешка“ бр. 61. Многу наскоро бараките ќе им бидат продадени на корисниците со можност за отплата на долгорочни кредити. Во 1968 година ќе започне и доградувањето на оваа барака од нејзината западна страна.

Околу 1965 година, според кажувањето на Димитрије, политичкото раководство на земјата одлучува да воведе т.н. ротација на работни места, каде вработените во државните органи одат во стопанството, а оние од стопанството во државните органи. На тој начин Славко, заедно со уште двајца раководители од Општината Кале (Велко и Љупчо) се преместени на работа во претпријатието „Коце Металец“. Велко станал директор, а Славко бил поставен на функцијата комерцијален директор. Претпријатието „Коце Металец“ имало топилница и градело хали низ цела поранешна Југославија. Кога дошле Славко со другите двајца колеги во претпријатието, тоа било во исклучително тешка финансиска состојба и било пред стечај, но тие успеале да го подигнат и потоа многу брзо прераснало во стабилно и силно претпријатие. Славко таму останал сè до своето пензионирање во 1982 година. Откако се пензионирал, уште некое време го барале и работел хонорарно (Бужаровски В. 2020).

На раст дедо ми Славко беше низок, имаше зелени очи, а на карактер беше многу добар, тивок, смирен и трпелив. Едноставно не може да се каже лош збор за него. На главата стално носеше беретка и без неа никаде не одеше. Имаше доживеано неколку мозочни удари од 1998 година, но по нив се опоравуваше. Во август 2006 година повторно доживеа мозочен удар и по кратко време почина на 24 август.

Брак и семејство



Слика 37. Славко и Ратка. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Дедо ми Славко, пред да ја запознае баба ми, имал вереница по име Ратка. Но, тој не се оженил со неа и ја раскинале веридбата од непознати причини.

Баба ми пак ја запознал на почетокот на летото во 1949 година. Тогаш тој требало да оди во Охрид на одмор. Патувал преку Битола, каде отседнал да се види со неговиот прв братучед Борис Бужаровски, кој во тој период веќе се имал преселено во Битола. Борис се познавал со семејството на Вера и му кажал на Славко дека има некоја девојка која е за мажење, па доколку сака да разговара со нејзиното семејство, тој може и да ги запознае. Според кажувањето на Димитрије, во некое претходно патување Славко веќе го имал запознаено Стево Николовски, и една вечер преспал во анот што Стево го имал на атпазар. Спиењето било многу непријатно, бидејќи чаршијата била потполно празна ноќе. (Бужаровски Ди. 2021). Не е јасно дали веќе ја имал видено Вера како девојче, бидејќи таа помагала во анот. Потоа Борис го однел кај семејството на баба ми, каде се виделе со баба ми. Вера не била прашана дали сака да се мажи и немала голем избор, бидејќи во тоа време сè уште родителите одлучувале за бракот на нивната ќерка. Таа во прво време се противела, но на крајот се согласила. Потоа меѓу нив ќе се развие голема љубов, а дедо ми многу ја сакаше и посебно ја ценеше баба ми.

Најнапред почнале да излегуваат за да се запознаат подобро, и на 30 јуни 1949 година склучиле брак во Битола. Кумови им биле вујкото и вујната на Вера, Симон и Ратка Бундалевски. Потоа во Галичник направиле и традиционална свадба со сите обичаи. Тие во бракот имале три деца: Димитрије, Михаило и Владо.

Димитрије е роден во Скопје на 8 август 1952 година. Тој е познат македонски композитор, пијанист и музиколог. Со оглед на тоа што од истиот издавач (БузАр) и на истата страница каде е постирана и оваа книга има обемен материјал за дејноста на Димитрије Бужаровски, овде ќе го прескокнеме тој дел од неговото претставување.

Во 1976 година стапува во брак со Елени Хузури, потоа Бужаровска. Таа е доктор на лингвистички науки на Филолошкиот факултет во Скопје, каде и работела како професор сè до своето пензионирање. Елени е познат лингвист со голем број објавени трудови во истакнати списанија во странство. Во бракот имаат две деца, Стефан и Румена. Стефан е роден во 1977 година. Има дипломирано географија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а магистрира и докторира географија на Универзитетот во Оксфорд. Стефан е истакнат научник со светско реноме и предава на повеќе универзитети, а во моментов е редовен професор на




Слика 38. Вера, Димитрије, Михаило и Славко Бужаровски. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 39. Седнати Вера и Славко, а исправени лево Владо и десно Димитрије Бужаровски. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Универзитетот во Манчестер. Во брак е со Сашка Петрова, која докторирала на Карловиот универзитет во Прага и која исто така е истакнат научник и професор на Универзитетот во Манчестер. Имаат еден син Мартин, роден 2015 година. Румена е родена на 28 ноември 1981 година. Таа дипломира, магистрира и докторира на Филолошкиот факултет во Скопје, каде што е професор по американска книжевност. Притоа таа е и писател и има напишано четири збирки со раскази со кои постигнува светска слава. Нејзините книги се преведени на поголем број јазици од водечки издавачи, меѓу кои Suhrkamp (Германија), Gallimard (Франција) итн. Во 2016 година од меѓународно жири на Лондонскиот саем на книгата била прогласена за една од десетте најинтересни писатели во Европа (Literary Europe Live 2016).

Михајло (Буце) е роден во Скопје на 15 февруари 1957 година. Како што кажавме, по кратко боледување ненадејно починал на 7 јуни 1960 година.



Слика 40. Приказ на потомците на Славко и Вера Бужаровски

Владо е роден на 22 јуни 1963 година. Тој има дипломирано на Земјоделскиот факултет и моментално работи во Претпријатието за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор. Во 1998 година стапува во брак со Ана Богова. Таа е родена на 16 јули 1969 година и е магистер по економија. Во бракот имаат два сина, Дамјан (јас) и Методиј. Јас сум роден на 31 јануари 1999 година. Имам дипломирано на Економскиот факултет во Скопје на департман сметководство и ревизија, во моментов сум на магистерски студии по монетарна економија, финансии и банкарство на истиот факултет, а паралелно студирам и на Филозофскиот факултет, на Институтот за историја каде сум четврта година. Мојот брат Методиј е четврта година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Вера Бужаровска (1931–2013)



Слика 41. Вера Бужаровска. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Според личната карта и сите документи, Вера Бужаровска (Николова) е родена на 7 декември во Битола, но самата таа тврдеше дека тој датум е погрешен и дека според кажувањето на татко ѝ била родена на Св. Никола, односно на 19 декември. Родена е во 1931 година, но кога се мажела, бидејќи немала 18 години, ја промениле годината и напишале дека е родена во 1930 година. Била најстаро дете од вкупно седум деца. Како најстара, имала релативно тешко детство. Требало да ѝ помага на мајка ѝ околу обврските во куќата, да се грижи за помалите сестри и братот, а истовремено одела кај татко ѝ, кој имал ан, за да му помага и во анот. Меѓу Вера и нејзиниот татко Стефан постоела многу јака врска, бидејќи како најстаро дете, на одреден начин таа го заменувала машкото дете. До отселувањето од Битола, таа му помагала во сè на татко ѝ, па дури и во градењето на куќата на ул. „Никола Тесла“ бр. 109 во Битола. Воопшто, таа улога на најстаро дете во семејството ја играше низ целиот нејзин живот, и сите сестри и братот многу ја почитуваа и ги следеа нејзините совети.




Слика 42. Вера фотографирана во 1947 година. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Во периодот на Кралството Југославија Вера започнала да се образува во српско училиште. Потоа, кога Бугарите ја окупирале Битола, продолжила да учи во бугарско училиште. Во 1949 година, како што видовме погоре, се омажила за дедо ми Славко Бужаровски и по ова се преселила со него да живее во Скопје.

Вера Бужаровска по занимање беше писателка. Првите чекори во својата кариера ги започнала во 1960 година со објавување кратки написи, раскази и песни во весниците и списанијата *Студентски збор*, *Просветна жена* и *Титов пионер*. Прво се појавила со нејзина поезија во мај 1960 година во весникот *Студентски збор*. Потоа посебен интерес предизвика нејзиниот расказ „Приказна зад вратата“ емитуван на тогашното Радио Скопје. Истата година во септември се појавила со нов расказ во списанието *Другарче* со препорака на тогашниот главен уредник Васил Куноски, а





Слики 43 и 44. Насловните страници на книгата *Стој* (1963) и првото издание на романот *Акчилница* (1974). Од архивата на Дамјан Бужаровски

во 1960 година ѝ бил објавен и расказ за возрасни. На тој начин Бужаровска веќе се појавила на литературната сцена. Во 1963 година ја издала својата прва книга *Стој*, наменета за деца и исполнета со бројни илустрации од Младен Туниќ. По ова започнува да издава и други книги наменети за деца и возрасни. Нејзиното творештво опфаќа вкупно 43 книги, а во 2010 година свечено го прослави својот јубилеј 50 години творештво (на крајот од книгата види Прилог 3, список на книги од Вера Бужаровска).

Од првите децении на творештвото на Вера Бужаровска особено се издвојува романот *Акчилница* издаден во 1974 година. Тој претставува еден вид автобиографски роман, во кој ја опишува Битола во предвечерието на Втората светска војна, животот за време на окупацијата и депортирањето на Евреите од Битола. Во 2015 година овој роман, постхумно е преведен и издаден на англиски јазик со наслов *The Last Summer In the Old Bazaar*.

Во 70-тите години од минатиот век Вера работела како дописник за весниците *Илустрована политика* и *Политика експрес*. Во овој период има напишано и повеќе



Слика 45. Вера Бужаровска на помлади години. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 46. Во средина Вера како дел од жири комисијата на „Курирче“. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 47. Лево Вера Бужаровска, а десно Лилјана Чаловска. Од архивата на Дамјан Бужаровски

сценарија за документарни филмови кои се емитувале на Телевизија Скопје. Помеѓу нив се издвојуваат *Последниот битолски пајтонџија* во 1978 година, *Во име на народот* во 1975 година, *Партизанска фото камера* во 1982 година, *Мртов град* (непозната година), *Згаснаа старите градски фенери* во 1979 година, серијата за деца *Курирче* и други. Таа е автор и на повеќе фељтони објавувани во разни весници.

Во последните неколку децении од својот живот Вера обработува провокативни теми од македонското секојдневие поврзани со политичкиот живот и криминалот. Во овој период таа ги издава книгите: *Вампир* (2005), *Авторот е обвинет за убиство* (2006), *ТАТ* (1997), *Креветот на проститутката* (2004), *Го открив атентаторот* (2003), *Затвор за жени* (2010) и други. Интересна е нејзината промоција на книгата *Затвор за жени* која беше во КПД „Идризово“ во одделението за женски лица. Околу тоа зошто се определила да пишува книги од ваков жанр, Вера кажала:

> Моите творби се печатеа лесно, но забележав дека тие не ја привлекуваат посебно читателската публика. Размислив добро и дојдов до идеја да напишам нешто лесно и привлечно и го погодив вкусот на читателот. *Крими* романите ја постигнаа таа цел, да бидат читани, привлечни за публиката и целосно се определив за овој вид литература. (Прослава по повод 50 години творештво на Вера Бужаровска 2010)

Треба да се нагласи дека во голем дел од книгите на Вера централен лик е жената и нејзината судбина во патријархалното опкружување. Дел од нејзините книги и раскази се преведени на други јазици, а за некои од нив има добиено и повеќе награди како што се: единствената награда на конкурс на МАНУ во 1978 година за расказот „Дојденецот“, втора награда на конкурсот на „Детска радост“ за книгата *Уменко*, награда за краток расказ во 1968 година, награда на конкурс на „Нова Македонија“ во 1971 година и други. Била член на манифестацијата „Курирче“, каде што била дел и од жири комисијата, а има учествувано и на повеќе семинари во тогашна Југославија и во странство.

Почина на 3 декември 2013 година во Скопје по кратко боледување.

Заге Бужаровски (1929–1997)

Заге Бужаровски е роден на 26 јуни 1929 година во Галичник. Во родното место завршил основно училиште, по што се запишал во средно училиште во Скопје. Средното училиште го завршил во 1949 година. Истата година се запишал на Медицинскиот факултет во Загреб, а потоа се префрлил на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирал во 1956 година и се вработил во Општина Штимље, Косово, како општ лекар, каде работел пет години (Бужаровска А. 2021).

Во периодот на изградба на хидроцентралата Врбен, работел како лекар на вработените на браната на Мавровското Езеро, каде во времето на снежните лавини животот го изгубиле 52 градители, а исто толку биле и спасени (Блажевска Бужаровска 2021).

Од 1961 година се вработил на Клиниката за очни болести каде ја започнал и специјализацијата по офталмологија. Со звањето офталмолог се здобил во 1965 година и ја започнал својата академска кариера. За асистент по предметот офталмологија бил избран во 1967 година (ibid.). Во 1974 година, во период од три месеци престојувал во Очната клиника „Хелмхолц“ во Москва, по што за прв пат во Македонија ја вовел трабекулектомијата како оперативна процедура на глауком. Во 1976 година заминал на доусовршување и осовременување на лекувањето на глауком во Прага, Чехословачка (ibid.).



Слика 48. Од лево Кала, Заге и Софре Бужаровски по дипломирањето на Заге. Од семејната архива на Анѓа Бужаровска

Заге во 1979 година бил назначен за претставник на општествената заедница во собирот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид во Скопје (Службен весник на Социјалистичка Република Македонија 28 март 1979, 271). Докторската дисертација со наслов „Асоцирани детерминанти на глауком“ под менторство на академик професор Крешимир Чупак ја одбранил во 1980 година на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Загреб. А својот хабилитационен труд со наслов „Влијание на надворешни фактори на прогресијата на глауком“ го одбранил во 1981 година на Клиниката за очни болести во Скопје.

Поради зголемувањето на заболените пациенти со глауком, набавувајќи тонографија го оформил првиот Кабинет за глауком на клиниката за очни болести низ кој до денес поминуваат на едукација голем број на специјализанти (Блажевска Бужаровска 2021). Од 1988 година е назначен за директор на Клиниката за очни болести. За Шеф на катедрата по офталмологија бил избран во 1989 година во два мандати.

Со трансформацијата на Секцијата на офталмолози на РМ во 1991 година во Здружение на офталмолози на РМ, Заге Бужаровски бил избран за претседател на Здружението и на оваа функција бил до 1996 година (Здружение на офталмолози на Република Македонија).

Професионалниот совет, но и топлиот човечки пристап и неограниченото време кое им го посветувал оставило длабоки траги кај неговите пациенти. Во историјата на офталмологијата во Југославија, а потоа во Македонија е еден од доајените, кој целиот свој живот ѝ го посветил на медицината (Блажевска Бужаровска 2021).

Заге е автор на повеќе од 70 стручни и научни трудови презентирани на повеќе конгреси во земјава и странство, како и публикувани во релевантни научни списанија. Бил ментор, член на комисиите за рецензија и одбрана на докторати на пет докторанди. Тој бил претседател и член на комисии за специјалистички испити кај над 50 специјалисти. Починал на 30 јуни 1997 година.


Семеен живот

Во 1961 година Заге се оженил со Анѓелина (Анѓа) Веноска, исто така со потекло од Галичник. Анѓа е родена во Гостивар во 1941 година. Ќерка е на Захарије Веноски, но била посвоена од чичко ѝ Ѓорѓија Веноски кој ја израснал и школувал. Татко ѝ и чичко ѝ имале во Пиреја слаткарница и млекара. Подоцна во Гостивар го изградиле киното. Од образование Анѓа има завршено на колеџот „Жан д'Арк" во Атина во 1960 година. Работела во „Охис" во банката за девизи (Бужаровска А. 2021).

Заге и Анѓа во бракот имаат две ќерки, Каролина и Жанета (слика 53). Каролина е родена во септември 1962 година. Паралелно со гимназијата, како одличен ученик завршила и Десетгодишно музичко училиште, отсек пијано, а во 1979 година освоила второ место на републичкиот натпревар. Во 1986 година завршила Медицински факултет. Вработена е во Клиниката за очни болести. Во 2001 година ја одбранила својата магистерска теза, а во 2009 година докторската дисертација. За вонреден професор на Медицинскиот факултет е избрана во 2017 година.




Слика 49. Анѓа и Заге Бужаровски. Од семејната архива на Анѓа Бужаровска




Слика 50. Каролина и Заге Бужаровски. Од семејната архива на Анѓа Бужаровска



Слика 51. Свадбата на Заге и Анѓа Бужаровски. Од семејната архива на Анѓа Бужаровска



Слика 52. Одлево Каролина, Заге, Анѓа и Жанета Бужаровски. Од семејната архива на Анѓа Бужаровска



Слика 53. Приказ на потомците на Заге Бужаровски

Каролина е во брак со д-р Александар Блажевски, гинеколог. Имаат две деца, Јана и Игор. Јана завршила Медицински факултет во Инсбрук, Австрија и специјализација по офталмологија во Келн, Германија. Игор е машински инженер.

Жанета е родена во 1965 година. Завршила Правен факултет и е вработена во МВР, каде била началник на кадрово одделение повеќе од 15 години. Во брак е со Александар Папеш и имаат два сина, Андреј, кој е машински инжењер, и Иво, студент по економија.

II ДЕЛ
СЕМЕЈСТВОТО МЕЛОСКИ

ДУРУЗОСКИ, ПОТЕКЛО НА ПРЕЗИМЕТО

НАЈСТАРИ ГЕНЕРАЦИИ


Семејството Мелоски е гранка од постаро галичко семејство Дурузовци. За семејството Дурузовци се смета дека некои од предците се доселени од градот Драч, Албанија или неговата околина (Огњановиќ-Лоноски 2004, 94; Цвијић 2000, 457; Мелоски 1957, 2). Јован Цвијиќ во својата книга *Балканско йолуосшрово* кажува и дека доселувањето на ова семејство во Галичник се случило пред 180 години (Цвијић 2000, 457). Ако земеме предвид дека Цвијиќ книгата првично ја издал во 1918 година, тогаш, ако пресметаме, ќе видиме дека Дурузовци се доселени во Галичник во 1740-тите години. Инаку миграциските движења од Албанија кон исток започнале уште од XV век, продолжиле во XVI век, во XVII век веќе зазеле поголем замав, а особено масовни биле миграциските движења во XVIII век (Тодоровски 1970, 19). Според Тодоровски, причините за миграциските движења од Албанија, како на словенското, така и на албанското население треба да се бараат во општествено-економските прилики кои во тоа време постоеле во Албанија, која била далечна провинција на Османлиската Империја, во феудалните односи и во полунезависниот однос на беговите спрема турската централна власт. Во такви услови, во кои постоела лична и материјална несигурност, очекувана била појавата на миграциски движења од Албанија кон истокот (ibid.). Секако, тука постоеле и други услови како немањето плодна земја, крвната освета и сл. (ibid.). Впрочем правецот од Албанија, покрај оној од Солунско, се смета за еден од главните правци на населување на Галичник (Бужароски Р. 1976, 6; Бужаровски Д., недатирано, 48). Притоа, покрај Дурузовци, за семејства за кои се смета дека се доселиле од Албанија во Галичник се и Кецкаровци (Мелоски 1957, 2), Расановци кои се доселиле од Елбасан (Тодоровски 1970, 20) и Колачевци, а од Колачевци се произлезени Цубалевци (Огњановиќ-Лоноски 2004, 94).

Кога Дурузовци се доселиле во Галичник, според кажувањата, со себе донеле една стара икона на Св. Богородица. Иконата се чувала во селската црква Света Петка (Стара црков) сè до периодот околу Балканските војни кога ѝ се изгубила трагата (Ажиески 2018).

За тоа како настанало презимето Дурузовци постојат две хипотези. Според една, тоа е добиено од нивното потекло по градот Драч, нарекуван уште и Дуруз. Меѓутоа, покрај оваа хипотеза, Риста Огњановиќ-Лоноски, и самиот по потекло од Дурузовци, дава уште една хипотеза и вели: „по некои, се мисли дека дедовиот дедо Огнен бил мошне правичен и искрен човек и потоа, според турскиот збор *добру дуру* го добил прекарот Дуруз“ (Огњановиќ-Лоноски 2004, 94). Првата хипотеза е веројатно поточна со оглед на фактот дека и семејството има потекло од градот Драч.

Од семејството Дурузовци, покрај Меловци, произлегле уште седум галички семејства, односно вкупно осум семејства: Меловци, Мангаровци, Арслановци, Шалевци, Лоновци, Огњановци, Панговци, а од Панговци произлегле подоцна и Ванковци (Мелоски 1957, 2; Огњановиќ-Лоноски 2004, 95) (слика 54).

Најдалечниот предок од семејството Дурузовци е Илија. Според тоа кога се родени некои од неговите потомци тој би требало да е роден кон крајот на XVII век и да живеел во првата половина на XVIII век. Бидејќи Дурузовци се доселени околу 1740-тите години во Галичник, Илија е најверојатно предокот кој се доселил од Драч



Слика 54. Приказ на семејството Дурузовци

во Галичник. Од именденот на Илија настанала и славата на Дурузовци (Огњановиќ-Лоноски 2004, 94).

Илија имал брат за кој се претпоставува дека се викал Панго.[6] Од овој брат на Илија всушност се произлезени семејствата Панговци (ibid., 95) и подоцна Ванковци, кои во почетокот живееле и во иста куќа.

Илија имал еден син по име Огнен. Тој би требало да е роден во првата половина на XVIII век. Риста Огњановиќ-Лоноски за него вели дека тој бил мошне правичен и искрен човек и дека по него, односно неговите карактерни особини, како што видовме, можно е семејството да го добило презимето (ibid., 94).

Огнен Дуруз имал два сина, Спасе и Наум. За нив двајцата нема речиси никакви податоци. Наум го имал синот Илија (Ило), од којшто е произлезено семејството Меловци (Мелоски 1957, 3), за што ќе говориме подолу, а Спасе ги имал синовите Иван, Павле и Дамјан. Од овие тројца се произлезени семејствата Шалевци, Мангаровци, Арслановци, Лоноски и Огњановци (ibid., 2; Огњановиќ-Лоноски 2004, 95). Еве што вели Риста Огњановиќ за настанувањето на овие презимиња:

> Подоцна презимето на нашата фамилија е Мангаровци, бидејќи дедото Павле како трговец со волна и масло имал многу мангари (пари) [и] по тоа го добиле презимето. Некои од фамилијата ги завикале и Арслановци затоа што дедото имал мошне јаки заби, така што и стакло можел да издроби и дигал вреќи по шеесет килограми тешки; н[è] викале и Шалевци, затоа што дедото Иван бил немирко и шегобиец. (Огњановиќ-Лоноски 2004, 95)

Презимето Лоновци, пак, прв го носел Огнен, син на Павле. Според некои кажувања, *лона* на албански значело храбар, смел, и по ова биле наречени Лоновци (Огњановска 2019). Од овој Огнен, некои од неговите потомци по неговото име почнуваат да се презиваат и Огњановски. Меѓутоа, сите овие гранки од семејството не се наш предмет и подолу ќе продолжиме да ја разгледуваме гранката од Илија Мелоски.

[6] Пишан податок за тоа како се викал братот на Илија не најдовме, но во еден разговор ни беше кажано дека Панговци се произлезени од некој предок Панго (Ставревска Панајотова 2019), па затоа сметаме дека братот на Илија се викал Панго.

ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА

МЕЛОСКИ, ПОТЕКЛОТО НА ПРЕЗИМЕТО

Илија (Ило) Мелоски (роден втора половина на XVIII век)

Илија е роден во втората половина на XVIII век во Галичник. Тој е првиот кој го носел презимето Мелоски (Мелоски 1957, 3), но за тоа како го добил и од што е настанато ова презиме не пишува во ниту еден од документите и книгите до кои дојдовме, а ни постарите соговорници не знаеја да ни кажат. Илија по занимање бил воденичар, и според наше мислење презимето е добиено токму по ова негово занимање, бидејќи во Галичник голем број од презимињата се добиени по некоја карактеристика на некој предок или по неговото занимање. Па, токму од тука, како воденичар-мелничар,[7] најверојатно неговите потомци и тој започнале да се презиваат Мелоски.

Илија имал два сина, Нове и Динго (Мелоски 2018). За тоа дали имал ќерки и како се викала жена му, нема податоци, бидејќи во овој период имињата на жените не се запишувале. Исто така, Илија можно е да имал уште еден син, но ова не може да се потврди. Имено, во автобиографските записи на Јован Мелоски среќаваме еден податок во врска со некој син на Илија:

> Во осмата деценија на 19-иот век и дедо ми Динго је отепан од арамији. Отепан је ноћно време во воденицата. Причина за отепувањето била крвна освета, освета за убијен арамија од Динговичин брат, кој по извршувањето на убиството побегнал во Бугарија- гр. Никопол. (Мелоски 1957, 4)

Од овој запис не е јасно дали станува збор за братот на Динго, Нове или пак тие имале уште еден брат, бидејќи Нове живеел во Галичник, така што, или по убиството откако поминало некое време тој се вратил од Бугарија, или пак, имал уште еден брат чие име е непознато.

Како што споменавме, некои семејства во Галичник кои се повеќебројни и имаат повеќе различни гранки, а живеат во различни маала, се наречени според местоположбата на тоа маало. Така, Меловци се поделени на горни (гранката од Нове Мелоски) и долни (гранката од Динго Мелоски), бидејќи едните живееле на Пеш маало кое е на повисока надморска височина во споредба со Чучка маало, каде живееле потомците на Динго Мелоски (Меловски Љ. 2018).

Семејството Мелоски, како и другите семејства во Галичник, имало стара слава. Погоре видовме дека пред да се раздвои семејството Дурузовци на повеќе гранки слава им била Св. Илија. Подоцна, откако се раздвоило, слава на горните Меловци станала Петковден (Перишиќ 2021). Кој од предците прв ја зел оваа слава, не се знае.[8]

Во Галичник и во другите мијачки села секое семејство имало свое знаме (Бужаровски Д. 2021, 32–33). Семејните знамиња претставувале тотемско обележје

[7] Водениците била нарекувани и мелници. Тоа го гледаме во еден ракопис од Штилјан Чапароски пишуван во периодот од 1905 до 1912 година, каде тој говорејќи за грабеж на водениците вели воденици мелници (Архив МАНУ НР 55).

[8] За тоа како се славела славата во Галичник види Прилог 1.



Слика 55. Знамето на семејството Мелоски. Од архивата на Дамјан Бужаровски

на родот, односно самиот народ велел дека тие се обележје на куќата (Кличкова и Георгиева 1965, 120) и биле користени за време на свадбите или свршувачките.[9] Така, и семејството Мелоски имало свое знаме од кое немаме опис, а се гледа на една фотографија, но за жал малку, и не може да се реконструира. Може само да се забележи дека подлогата на знамето била бела и платното на знамето завршувало со неколку триаголници, како и на повеќето познати семејни знамиња. Притоа, од фотографијата може да се забележи и едно потемно платно во вид на линија со бели кругови, кое било зашиено речиси на краевите на основата и една полумесечина и круг (слика 55). Сепак, тоа не е доволно за да се направи реконструкција на знамето.

[9] Повеќе за семејните знамиња види Бужаровски Д. 2021, 2022.

ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА

Нове Мелоски (живеел во XIX век)

Нове бил роден на почетокот на XIX век. Тој живеел во заедница со брат му Динго. Тие имале своја куќа во Чучка маало, во близина на сродните семејства Арслановци, Шалевци, Лоноски и Мангаровци (Мелоски 2018; Мелоски 1957, 3). Тоа место се наоѓа веднаш до првобитното место на Бужаровци, во близина на Килимарницата и оваа куќа повеќе не постои. Подоцна синовите на Нове направиле нова куќа на Пеш. Што бил по занимање Нове не е познато, но најверојатно продолжил да се занимава со воденичарство заедно со брат му Динго.

Како се викала жената на Нове, не успеавме да најдеме податок. Тој имал два сина, Јаков и прапрадедо ми Стојан, како и пет ќерки: Демла, Доста, Анѓа, Мара и Митра. Едната од ќерките, според кажувањето на Горица Перишиќ, била омажена во Сушица (Перишиќ 2018).

Динго Мелоски (1805– ≈1880)

Динго бил роден во 1805 година. Преку лето работел во својата воденица во Галичник, а се занимавал и со пренесување ориз од Кочани. Во 1880-тите години бил убиен од арамии. Убиството се случило ноќно време во неговата воденица. Причина за убиството, како што пишува внук му Јован Мелоски, била крвна освета, бидејќи брат на Динго утепал некој арамија, а потоа побегнал во Бугарија (Мелоски 1957, 4).

Динго на карактер бил смел и храбар човек (Мелоски 1957, 4). Тој се женел два пати. Името на првата жена не е познато, а втората жена му се викала Минадора. Имал еден син Илија (Ило). Дали имал други деца, не ни е познато.

ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА (потомци на Нове)

Стојан Мелоски (1869/70–1942)



Слика 56. Стојан Мелоски. Од семејната архива на Стојан Мелоски

Според кажувањето на внукот на Стојан, тој живеел 72 години. Умрел во февруари или март 1942 година (Мелоски 2018). Доколку ги одземеме овие години добиваме дека Стојан бил роден во 1869 или 1870 година. Меѓутоа, во еден домовник во црквата во Галичник за Стојан пишува дека бил роден 1864 година (Домовник 1932). Сепак, треба да се има предвид дека во тоа време се правени многу грешки во годините на раѓање. На пример, за жената на Стојан во истиот домовник е направена грешка во годината на раѓање (за што ќе напишеме подоцна), така што за точна година на раѓање можеме да ја сметаме 1869 или 1870.

Од образование Стојан имал завршено I клас средно образование (Македоно-одринското опълчение 2006, 519), што за тоа време било солидно образование, ако имаме предвид дека голем дел од населението во Македонија во тој период било неписмено. Стојан на помлади години бил печалбар, како и најголемиот број галичани и таму работел како сидар. Пред Првата светска војна бил на печалба во Пловдив, Бугарија. Син му Трајче за татка си Стојан велел:„пола Пловдив го имал изградено“ (Мелоски 2018). Стојан во Бугарија на печалба заработил вкупно 7000 златни наполеони. Но, парите ги ставил во банка во Бугарија и по војната, бидејќи имало инфлација, кога отишол да ги извади му дале само една торба со книжни пари (ibid.).


За време на Балканските војни Стојан активно учествувал и се борел во војните во периодот од 1.10.1912 до 10.8.1913 година на бугарска страна. Бил во составот на 1-а и Нестроевата чета, кои влегувале во составот на Дебарската дружина (баталјон). По крајот на Балканските војни бил одликуван со бронзен медал (Македоно-одринското опълчение 2006, 519).

Околу 1920 година Стојан повторно отишол на печалба, но овој пат во Солун. И таму работел како сидар. По враќањето од печалба, Стојан во Галичник отворил дуќан во кој продавал сè, од текстилна роба, свила, па до храна, газија итн. Според кажувањето на внука му Горица, цел Галичник се снабдувал од неговиот дуќан (Перишиќ 2018a). Дуќанот се наоѓал кај чешмата Упија, спроти денешниот Мелоски дуќан (Мелоски С. 2021b). Овој дуќан во 1937 година бил запален (ibid). Го запалил Јордан Луканоски, но по нарачка на Јордан Шандулоски. Јордан Шандулоски му должел пари на Стојан



Слика 57. Новиот дуќан на Стојан Мелоски фотографиран во 2019 година. Од архивата на Дамјан Бужаровски

за неплатена роба и мислејќи дека тефтерите во којшто се запишани должниците се наоѓаат во дуќанот, го потплатил Јордан Луканоски да го запали дуќанот, но тефтерите Стојан ги чувал дома. Дуќанот изгорел до темел, заедно со сета роба што ја имало внатре (Записи на Доксим Михајлоски-Бато; Перишиќ 2018). По овој настан Стојан изградил нов дуќан кој сè уште стои, но по Втората светска војна го земала задругата „Бистра“ и е во нејзина сопственост (слика 57). Во 1930-тите години одредено време Стојан бил и благајник на црквата Св. Петар и Павле во Галичник.



Слика 58. Документ со потписот на Стојан Мелоски како благајник на црквата Св. Петар и Павле. Од архивата на Томо Черепналкоски



Слика 59. Куќата на Стојан и Јаков Мелоски фотографирана во 2019 година. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Стојан на раст бил низок, тркалообразен и ќелав. Се оженил со Анѓа, (не најдовме податок за годината), но било во последното десетлетие на XIX век. Неговата внука Горица го опишува дедо ѝ Стојан и вели:

> Ја бев мала кога умре, имав шест-седум години. Не се сеќава многу на него. Ме викаше Горче и многу ме сакаше. Еднаш ми даде едни кондурчиња. Беше домаќин, озбилен човек. Бистар многу. Имаше проблеми со бубрезите. (Перишиќ 2021)

Стојан со своето семејство живеел најпрво во Чучка маало. Денес куќата Мелоска каде што живееле во Чучка маало не постои. Потоа заедно со брат му Јаков во 1908 година почнале да градат нова куќа на „Пеш“ (слика 59). Куќата ја завршиле во 1910 година (Мелоски 2018). Новата Мелоска куќа е поделена вертикално на две еднакви половини. Едната половина била на Јаков, а другата на Стојан. Куќата е на три нивоа.

Распоредот на просториите во половината на Стојан е следниот: во приземјето се влегува преку надворешна врата, но и од првиот кат може да се влезе со скали. Во предниот дел се наоѓа тремот, а во задниот дел е кледот (темна просторија, вкопана во земја, во која се чувала храната). Веднаш откако ќе се влезело, од вратата од десна страна стоела кочината каде семејството чувало по некое свинче. Над кочината бил просторот каде ги чувале кокошките, а право од вратата кај ѕидот од западната страна била чувана кравата. Во останатиот простор биле чувани и по неколку овци, кои биле само за прехранување на семејството. На првиот спрат, откако ќе се влезе, има ѓезентија (ходник, претсобје). Веднаш оддесно се скалите за вториот спрат, а до скалите е куќата (во мијачките куќи, куќа се нарекува кујната каде што се наоѓало и огништето). Лево од влезот имало две соби за спиење. Вториот кат има исто така

ѓезентија по должина, исто како и на првиот кат. Од задната страна има една соба, а во предниот дел е чардакот. Веднаш над скалите на овој спрат има мал параклис (околу 1м^2), каде што стоеле икони пред кои се палело кандило (Мелоски С. 2021b). Параклисот бил карактеристичен за поголемите и побогатите куќи (Черепналкоски 2018). Сличен е распоредот на соби и во половината што била на Јаков (слика 60). Оваа куќа сè уште постои и е во одлична состојба, благодарејќи на потомците од семејството Мелоски кои ја одржуваат.

Стојан и Анѓа во бракот имале имале пет сина: Русе, кој бил најстар од децата и бил роден 1899 година, потоа Нове, па повторно Нове, Ристе и Трајче, и две ќерки, Румена и Цвета. Русе, Нове, другиот Нове и Цвета умреле како мали деца.



Слика 60. Скица од куќата на Стојан и Јаков Мелоски

Анѓа (Стојаница) Мелоска (1880–1951)

Анѓа Мелоска или, како што ја викале сите, Стојаница или мајче, била родена 1880 година во селото Тресонче (Мелоски 2018). Во истиот домовник каде што пишуваше за Стојан дека е роден во 1864 година, за Анѓа пишува дека е родена во 1890 година (Домовник 1932). Таа година не е точна бидејќи умрела на 71 година во 1951 години, а нејзиниот прв син е роден во 1899 година, така што не е можно да го родила на девет години.

Мајката на Анѓа се викала Симона, а таткото Ристе, за кој се смета дека потекнувал од познатото тресонечко семејство Брадиновци (Мелоски 2018). Се обидовме да најдеме од која гранка на ова семејство потекнувал Ристе, но не успеавме. Само дојдовме до заклучок дека не потекнува од Сарџо Караџа Брадина, ќаја и долгогодишен главар на селото Тресонче (Архив МАНУ фонд Тома Смиљаниќ Брадина), туку најверојатно Ристе потекнувал од некој од браќата на Сарџо. Ристе починал кога Анѓа била мала, па мајка ѝ се премажила во галичкото семејство Прлеовци, и така всушност Анѓа доаѓа во Галичник. Кај Прлеовци Анѓа имала тешко детство и им била како слугинка (Перишиќ 2018).

Симона и Ристе покрај Анѓа имале уште две деца, Коста и Лазар. Коста и Лазар биле преселени во Бугарија во градот Севлиево. Лазар уште на млади години загинал во војна и немал потомство. Коста имал пет деца и тоа: Иван, Тодор, Никола, Ѓорѓи и Христо. Иван немал деца, Тодор не се оженил, Никола загинал во Првата светска војна и не оставил потомство, Ѓорѓи имал син Коста и ќерка Емилија и Христо имал една ќерка Росица, која била учителка (слика 62).


Анѓа на раст била висока, имала широки коски на телото, но не била дебела (Записи на Вера Бужаровска за Меловци 2011, 4). Имала сини очи. На карактер била



Слика 61. Трајче, Анѓа и Темјана Мелоски. Од семејната архива на Стојан Мелоски

строга и скржава, и сѐ држела под клуч. Инаку Анѓа многу убаво играла ора и многу сакала да преде (Перишиќ 2018).

Починала на 18 април 1951 година. Тој ден имала вртоглавица и не ѝ било добро, но сепак излегла во бавчата нешто да поработи. Од вртоглавицата паднала наназад, каде имало имало некое ситче. Ја пронашол внук ѝ Стојан и била сѐ уште жива, но по неколку часа починала.



Слика 62. Приказ на семејството на Ристе и Симона

Јаков Мелоски (1861–1941)



Слика 63. Магда (1869–?) и внук ѝ Јаков (син на Крсте Мелоски). Од семејната архива на Лилјана Пендовска

Јаков Нове Мелоски бил роден во 1861 година, а загинал за време на бомбардирањето на Скопје на 6 април 1941 година (Филиповски 2018). Бил печалбар во Солун (Перишиќ 2018), а во Домовникот (1932) е заведен како млекар.


Јаков бил оженет со Магда (1869–?) и во бракот имале четири сина: Серафил, Вено, Блаже и Крсте, и четири ќерки: Евгена, Софка, Морфа и Ката. Серафил и Вено умреле како мали деца (слика 64).

Блаже бил роден во 1902 година и бил оженет со Драгица со која имал две деца, Димитар (Мито), кој загинал во сообраќајна несреќа, и Јелица.

Крсте бил роден во 1899 година, а починал во Скопје 1973 година. Бил оженет со Миљана и во бракот ги имале децата Јаков, Васка, Ратка и Магдалена. Освен Васка, другите деца на Крсте умреле како деца.

Евгена била родена во 1893 година и била омажена со Тодор Једикоски. Во бракот имале два сина, Спасе и Петре, и пет ќерки: Веса, Љуба, Мара, Даница и Јорда.

Софка била родена во 1915 година, а починала во 1989 година. Таа била омажена за Спасе Филиповски од Росоки и во бракот имале три деца: Елена, Кире и Лилјана, но ги израснала како свои и децата на Спасе од првиот брак, Ѓорги и Зорица (Пендовска 2018). Морфа била родена 1909 година, а била омажена за Вељо Дренкоски. Во бракот имале три деца: Васе, Раде и Санда. И Ката била родена во 1907 година и била омажена за Стојан Аврамоски, со кого ги имала синовите Аврам и Љубе.



Слика 64. Приказ на потомците на Јаков



Слика 65. Блаже и Димитар (Мито) Мелоски. Од семејната архива на Лилјана Пендовска



Слика 66. Во средина Евгена Једикоска род. Мелоска, десно од неа Софка Филиповска род. Мелоска, лево стои Тодор Једикоски. Од семејната архива на Лилјана Пендовска

ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА (потомци на Динго)


Илија (Ило) Мелоски (1866–1944)

Илија бил роден во 1866 година, а починал во 1944 година. По занимање бил терзија. Карактерно бил тивок, мирен, скромен, со *морално религиозни* одлики (Мелоски 1957, 6).

Илија бил оженет со Менда Којческа и имале пет ќерки: Тофа, Селвија, Дола, Менка и Дара, и три сина: Динго, Филип и Јован (слика 67). Од децата, уште како мали умреле Динго и Селвија (ibid., 3). Тофа била најстарото дете на Илија и била родена во 1880 година, а починала во 1913 година. Таа се мажела два пати, прв пат за Нове Каргоски, и со него го имала синот Борис, а потоа се премажила за Ѓино Пендароски. Дола била родена во 1886 година. Се омажила во селото Сушица за Соне Алексов, каде што и починала во 1950 година. Имала три деца, но како се викале, не најдов податоци. Менка била родена во 1890 година и била омажена за Јаков Мешкоски, но дали имала деца, и за неа не најдов податоци. Дара била родена во 1897 година. Била омажена за Јаков Ванкоски и во бракот ги имале децата: Крсте, Милца, Злата, Евгена и Ружа.

Филип, вториот син на Илија, бил роден во 1904 година, а починал 1924 година во Скопје како последица од задушување од јаглерод диоксид. Инаку бил оженет со Санда Цубалеска, ќерка на Лазар, но во бракот немале деца (ibid.)

Јован Мелоски, третиот син на Илија, бил роден во март 1893 година во Галичник, а починал во 1977 година во Скопје. Тој имал завршено учителска школа и работел како учител во Галичник, а повремено и на други места, со преку 42 години работен



Слика 67. Приказ на потомците на Илија Мелоски

стаж. Во периодот од 1922 до 1925 година бил привремен управник на Галичкото училиште, а од 1929 до 1935 година бил управник на истото училиште. Исто така, тој уште пред Галичник конечно да биде ослободен од фашистите, во 1944 година заедно со Симон Попоски започнал повторно да држи настава во Галичник (Бужаровски Д., недатирано, 259). Во 1922 година Јован се оженил со Олга Филипоска, ќерка на Ристе и Дева Филипоски. Во времето кога се оженил со Олга, татко ѝ Ристе бил починат и таа живеела сама со мајка ѝ. Олга имала уште двајца браќа, Јаков и Каре, но тие биле починати млади, а не оставиле потомство. Затоа Јован се преселил да живее во куќата на неговата сопруга, која стои до ден денес и е во одлична состојба, благодарение на неговите потомци. Во бракот со Олга тие ги имале децата: Богдан, Милош, Ристо, Бранко, Динго, Драгица, Мара, Драгица и Илија, од кои Богдан, Бранко и едната Драгица починале како деца.

Милош Мелоски е роден во 1925 година, а починал во 2002 година. Тој бил дипломат, и амбасадор во повеќе земји, меѓу кои и во Германија (Граоркоски 2010, 151). Во периодот на 1970-тите години бил на функцијата советник за надворешна политика на југословенскиот претседател Јосип Броз Тито (Мишић 2012, 142). Бил оженет со Лилјана и во бракот имаат две деца, Зоран, роден во 1950 година, и Олга, родена во 1952 година.


Ристо е роден во 1927 година, а починал во 2001 година. Тој имал завршено Правен факултет, бил претседател на судот во Гостивар, а подоцна работел како адвокат (Мелоска 2020). Ристо бил оженет со Љубица и во бракот имале две деца, Јован, роден во 1955 година, и Снежана, родена во 1958 година. Јован има завршено Медицински факултет и работи во Државната ушна клиника. Во брак е со Летка и има две ќерки, Љупка и Славица. Снежана исто така има завршено Медицински факултет, а има специјализирано физијатрија. Има две ќерки, Јелица и Катерина.

Динго е роден во 1929 година во Галичник. Завршил Виша педагошка и бил учител во Галичник. Во брак е со Анѓа Мешкоска и во бракот имаат два сина, Љупчо и Каре. Љупчо е роден во 1958 година, а починат во 2019 година. Завршил на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, каде што подоцна работел како редовен професор. Покрај тоа, тој бил и долгогодишен претседател на Македонското еколошко друштво. Тој бил во брак со Билјана, и во бракот имаат син Димче и ќерка Нина. Каре е роден во 1961 година. Во брак е со Живка, и во бракот имаат две деца, Никола и Ангелина.

Драгица е родена во 1937 година и не е омажена. Има завршено трговска школа (ibid.).

Мара е родена во 1933 година. Во брак е со Раде Пендаровски и има еден син Саше.

Илија е роден во 1939 година. По занимање е агроном. Оженет е со Стефка, и во бракот имаат син Владо и ќерка Весна.





Слика 68. Дел од семејството на Јован Мелоски. Од семејната архива на Снежана Мелоска

СЕДМА ГЕНЕРАЦИЈА


Румена Бужаровска, род. Мелоска (1901–1927)

Прабаба ми Румена, според книгата на венчани, е родена во 1898 година во Галичник (Књига за уписавање и оглашавање 1920, 6), а според кажувањето на Стојан Мелоски, таа е родена 1901 година (Мелоски 2018). Втората година е најверојатно поточна, бидејќи во 1899 година е роден братот на Румена, Русе.

За Румена има многу малку податоци. Како што видовме погоре, таа во 1920 година се омажила за Апостол Бужаровски и во бракот го имале само дедо ми Славко. На карактер, според кажувањата, била многу добра. Починала од туберколоза во 1927 година. Според Стојан Мелоски, а него му раскажувал татко му Трајче (братот на Румена), таа туберколозата ја фатила од некоја тетка од семејството Шалевци. Погоре видовме дека овие две семејства водат потекло од еден предок. Во тоа време



Слика 69. Румена Бужаровска, род. Мелоска, фотографирана во 1920 година. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 70. Страницата од книгата на венчани каде што се запишани Апостол и Румена

блиските роднини при поздравувањето се бакнувале во уста и така најверојатно била заразена и Румена (ibid.). Сепак тетката успеала да се излечи, а Румена набргу починала.

Ристе Мелоски (1910–1979)

Ристе бил роден во 1910 година во Галичник. На раст бил низок, но бил крупен. Карактерно бил доста строг и од домашните барал да имаат голема дисциплина, а во зборувањето пак бил многу слаткоречлив. Исто така имал убав глас и пеел во црквата во Галичник (Записи на Доксим Михајлоски-Бато, недатирано).

Ристе имал завршено основно училиште. Кога бил мал, како и поголемиот број деца од Галичник, татко му го зел со себе на печалба во Солун. Таму заедно со татко му граделе куќи и некои две куќи што ги направиле стоеле до денес (Перишиќ 2018). По враќањето од печалба работел во бакалницата на татко му Стојан. Бидејќи бил надарен за трговија, тој мошне го разработил дуќанот (ibid.).

Исто така, Ристе се интересирал и за медицината и според Димитрије Бужаровски, односно кажувањата на неговиот татко (мојот дедо) Славко, тој во периодот кога бил во војска изучил за еден вид фелдшер. Не е јасно до каде била неговата медицинска подготовка, бидејќи Галичник имал професионални лекари веќе меѓу двете светски војни, но познато е дека кај него доаѓале на прегледи дури и од други села, и исто така ставал инјекции. Своевремено бил и благајник на задругата „МИТЕРАКОП“ во Галичник (Граоркоски 2010, 51).

Ристе во Галичник останал да живее сè до 1957 година. Не се отселил порано бидејќи сè уште имал работа во селото. Исто така, ги помагал со пари некои семејства кои се отселувале од Галичник. По доселување на Ристе со неговото семејство во Скопје, тој бил директор на „Стокопромет“, затоа што имал искуство со трговија (Перишиќ 2018). По пензионирањето бил активен околу ревитализирањето на Галичник и бил член на Комисијата за стопански развој и туризам при Одборот за обнова и изградба на Галичник (Граоркоски 2010, 92). Како дијабетичар имал долгогодишни проблеми со срцето и починал во 1979 година во Скопје.

Ристе Мелоски на 14 јули 1931 година се оженил со Љубица. Љубица е родена во Галичник во 1912 година. Таа потекнувала од галичкото семејство Ажиевци[10] и била ќерка на Павле Ажиески, учител во Галичник и внук на Партениј Зографски. Ристе и Љубица биле венчани во тогаш штотуку изградената црква Св. Петар и Павле. На карактер Љубица била весела, зборлеста и сакала да



Слика 71. Љубица и Ристе Мелоски. Од семејната архива на Владимир Мелоски

[10] Повеќе за Ажиевци и за потеклото на Љубица види кај Гапе Галев Ажиески, *Фактографија за семејствата Ажиевци* (2009).

се шегува. Воопшто не се плашела од строгото однесување на Ристе, па дури и се шегувала со него. Починала во Скопје во 1969 година од карцином.


Во бракот Ристе и Љубица имале шест деца: Цвета, Загорка (Горица), Анѓа, Милка, Илија и Ефто (слика 72).

Цвета била родена во Галичник во 1932 година, а починала во Лос Анџелес во 2018 година. Во брак била со Блаже Черепналкоски, кој во САД имал приватна фирма за производство на јогурт. Во бракот имале две деца, Љубомир и Кире. Кире е во брак со Лилјана и има еден син Филип Александар. Тој пак е во брак со Анја и имаат две деца, Софиа и Метју.

Горица е родена во 1933 година во Галичник. Крстеното име ѝ било Загорка, но баба ѝ Анѓа рекла: „какво е тоа име Загорка, многу е тешко, за така да ја викам. Јас ќе ја викам Гора, Горче“ и од таму сите ја знаат како Горица, а Загорка ја пишува само во личните документи (Перишиќ 2018). До отселувањето од Галичник работела како везачка во Килимарата (Граоркоски 2010, 52). Горица била омажена за Живорад Перишиќ роден во 1934 година, а починат во 2003 година. Тој бил воено лице, со чин заставник прва класа. Во бракот Горица и Живорад имаат две ќерки, Душица и Татјана (Тања). Душица е родена во 1962 година. Има завршено Машински факултет и веќе 22 години е извршен директор на ЗЕЛС (Заедница на единиците на локалната самоуправа). Татјана има завршено на Електротехничкиот факултет и работи како директор за големо продажба во „Ми-Да Гранд моторс“. Таа е во брак со Драган Малиќ.

Анѓа е родена во Галичник во 1937 година. Омажена е за Спиро Митревски, кој по професија е правник. Во бракот имаат два сина, Марко и Сашо. Марко е роден во 1959 година. Во брак е со Мирјана и имаат две деца, Неда и Спиро. Сашо е роден во 1965 година. Во брак е со Сузана и имаат три деца: Перо, Филип и Стефан.

Милка е родена во Галичник во 1939 година, а починала во Скопје во 2015 година. Таа по професија била стоматолог и работела во Центарот за јавно здравје „Пролет“, па во Поликлиниката „Јане Сандански“. Била во брак со Софре Јанкуловски, кој



Слика 72. Приказ на потомците на Ристе Мелоски

е дипломиран правник и економист, а работел во Републичкиот завод за судски вештачења, каде бил и заменик директор, и на оваа функција се пензионирал. Во бракот Милка и Софре имаат две деца, Блаже и Виолета. Блаже е роден во 1971 година. Тој е сметководител. Во брак е со Катерина и имаат две деца, Виктор и Јана. Виолета е родена во 1972 година. Таа има завршено на Архитектонскиот факултет. Во брак е со Љупчо Џуровски, исто така архитект, и во бракот имаа две ќерки, Срна и Елена.

Илија е роден во Галичник во 1940 година, а починал во Скопје во 2011 година. Тој имал завршено Виша школа за социјална работа и работел во Тутунскиот комбинат. Во брак бил со Богданка и во бракот имаат две деца, Горан и Љубица. Горан е роден во 1971 година, во брак е со Нела и има два сина, Илија и Давид. Љубица е во брак со Јовица Цветковиќ и во бракот имаат две деца, Стефан и Кристина.

И Ефтимие (Ефто), најмалото дете на Љубица и Ристе, е роден во Галичник во 1943 година, а починал во Скопје во 2008 година. Во брак бил со Елена и во бракот имале две деца, Ристе и Владимир. Ристе е роден во 1972 година, а починат во 2020 година. Тој бил диџеј. Бил оженет со Наташа и во бракот имаат две деца, Матеј и Јована. Владимир е роден во 1975 година и е во брак со Анушка.



Слика 73. Свадбата на Вера и Славко Бужаровски, фотографирано во Галичник во 1949 година. Најгоре одлево Цвета, Анѓа и Горица Мелоски; среден ред Љубица Мелоска, Темјана Мелоска, Трајче Мелоски, Вера Бужаровска, Славко Бужаровски, Таса Кукуоска, во раце ја држи ќерка ѝ Олга, па непозната, и Кала Бужаровска; долен ред непозната, Ристе Мелоски, пред него Стојан Мелоски, па Апостол Бужаровски, Анѓа-Стојаница Мелоска, пред нејзе Илија Мелоски и на крај Милка Мелоска. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Трајче Мелоски (1920–2003)

Трајче Мелоски бил роден во 1920 година во Галичник. Во родното место завршил основно образование, кое во тоа време било до четврто одделение. Потоа, на десетгодишна возраст започнал да работи во дуќанот на татко му Стојан и таму работел сè до 1945 година кога дуќанот им бил одземен, по што останал без средства за егзистенција. Поради тоа, тој бил приморан да работи како работник на бачило за да се прехрани себе и семејството. По служењето на воениот рок, во 1947 година започнал да работи во Килимарата во Галичник.

Во 1952 година Трајче решил да се пресели во Скопје, а со себе го зел и семејството и се вработил во кланица. По некое време се префрлил и започнал да работи во бакалница. Во меѓувреме, тој се запишал во вечерно училиште и завршил осмолетка, по што се запишал во средно економско училиште. Откако го завршил економското училиште се вработил во „Електро Скопје“ каде работел како референт по наплата, и на таа функција останал сè до пензионирањето (Мелоски 2021а).

Инаку Трајче бил пасиониран планинар, и иако во поодминати години, во осмата деценија од својот живот сè уште активно планинарел (Граоркоски 2010, 151). Во тие поодминати години ги имал искачено сите врвови во Македонија и во околните земји, редовно волонтирал во планинарскиот дом на Водно во Скопје, каде скоро до крајот на животот, минимум



Слика 74. Одлево Славко Бужаровски, Софка Филиповска, род. Мелоска и Трајче Мелоски. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 75. Славко Бужаровски (лево) и Трајче Мелоски. Од архивата на Дамјан Бужаровски



Слика 76. Свадбата на Трајче и Темјана Мелоски во 1942 година. Во средина Темјана и Трајче Мелоски, до Трајче е Јован Мелоски, а до Темјана Анѓа Мелоска; пред нив седнат е Ристе Мелоски и до него десно е Апостол Бужаровски. Бајрактарот е Славко Бужаровски, помеѓу Славко и Анѓа е Цвета Мелоска, а лево од Славко Кала Бужаровска. Од семејната архива на Стојан Мелоски


еднаш неделно се искачувал. Димитрије Бужаровски се сеќава дека при нивните посети во куќата во Охрид (во Долно Коњско), станувал наутро и пешачел и до Св. Наум и се враќал вечерта назад (Бужаровски Ди. 2021).

На 6 септември 1942 година се оженил со Темјана. Нивната свадба не била на Петровден, бидејќи во февруари или март починал татко му Стојан, па се чекало да поминат шест месеци за да се направи свадбата (Мелоски 2018). Темјана била родена во Галичник во 1924 година. Таа потекнувала од галичкото семејство Муратоски. Била ќерка на Вено Муратоски.[11] Темјана имала руса



Слика 77. Темјана и Трајче Мелоски. Од семејната архива на Стојан Мелоски

[11] За семејството Муратовци види Муратовски 2005.



Слика 78. Приказ на потомците на Трајче Мелоски

коса. Еве како ја опишал Доксим-Бато Михајловски, кум на Меловци: „Трајче беше оженет за Темјана Муратовска, ќерка Венова Муратовски, да нема нешто поубаво од неа и попитомо“ (Записи на Доксим Михајлоски-Бато, недатирано). Починала во Скопје во 1970 година од карцином. Во бракот Трајче и Темјана имале три деца: Стојан, Миле и Јелица (слика 78).

Стојан е роден во 1944 година во Галичник. Работниот век го поминал како тон мајстор во Радио Скопје. Оженет е со Ружица и во бракот имаат две ќерки, Темјана, родена 1977 година, и Билјана, родена 1979 година. Темјана е омажена со Сашо Митревски и има еден син Дамјан, а Билјана има еден син Леон.

Миле бил роден во 1946 година, а загинал во сообраќајна несреќа во 1987 година на враќање од посетата во Галичник (на патот Гостивар – Тетово). Тој бил доктор, специјалист онколог и многу бил ценет. Во брак бил со Василка и имале една ќерка Јана родена во 1980 година. Јана е дипломиран филолог по англиски јазик и книжевност и шпански јазик и книжевност и е овластен судски преведувач за двата јазика. Таа е омажена за Александар Петров и има две деца, Христина и Виктор.

Јелица била родена во 1949 година, а починала во 2006 година. Работела како раководен кадар во Електродистрибуција. Таа била во брак со Кирил Трпчевски и во бракот имаат син и ќерка, Томислав, роден во 1976 година, и Марија, родена во 1980 година. Томислав е во брак со Бранкица и има син Ангел, а Марија е во брак со Габриел Јодорковски и има син Алекс.

Според кажувањата на чичко ми Димитрије Бужаровски, двајцата вујковци на дедо ми (Ристе и Трајче) имале многу достоинствено и одмерено држење што потекнувало од високиот економски статус што го имало нивното семејство во Галичник. Сепак, позади гордата позиција се криеле двајца многу добри *по душа* ликови, што изгледа била црта на целото семејство Меловци. Дедо ми Славко посебно бил поврзан со вујко му Трајче, бидејќи биле и многу блиску во возраста (две години разлика).



Слика 79. Одлево Славко и Вера Бужаровски и Темјана и Трајче Мелоски, фотографирани во 1960-ите години пред црквата Св. Петар и Павле во Галичник. Од архивата на Дамјан Бужаровски

Чичко ми раскажува и дека и пред и по земјотресот многу и семејно се дружеле, иако подеднакво била јака и врската со вујкото Ристе и неговото семејство. Многу наликувале еден на друг и скоро сите мислеле дека се браќа. Сепак вујковците и посебно Трајче, чувствувале родителска грижа кон Славко, кој рано останал без мајка (Бужаровски Ди. 2021).

Прилог 1

Слава на семејството Бужаровски

Како и насекаде во православната традиција во Македонија, секое семејство во Галичник имало своја слава. Слава на Бужаровци, односно на гранката од којашто потекнувам била Арангел (локалниот изговор за Архангел) на 21 ноември (Бужаровска А. 2021). Славата на семејствата во Галичник им била најмила од сите празници и ја нарекувале „Свето“. За славата домаќините ги спремале најубавите јадења и се спремало доволно јадење и пиење барем за три дена (Гајић 1901, 163). Гостите честитале со зборовите „Да ви е среќен празникот (пример) Арангел и за многу години“. Домаќинката за овој ден месела леб од поквалитетно брашно, кој се нашарувал со проскурски печат и утредента се изнесувал на трпезата. Овој леб се нарекувал Крсник, а се месел уште еден помал леб кој се нарекувал Палучник. Покрај тоа, се подготвувала и една чинија варена или неварена пченица и вино во три чаши, кои од утрото седеле пред иконата во куќата каде што горело кандило. Кога ќе дошол попот пред иконата, се палела и свеќа, а тој ја пеел молитвата, па го земал лебот и го сечел на четири делови во облик на крст. Потоа го полевал со виното, па со пченицата (Огњановиќ-Лоноски 2004, 54–55). Откако ќе го полиел лебот, свештеникот им давал на децата, и потоа домаќинот ги местел четирите парчиња како што биле, а свештеникот од другиот леб сечел две парчиња, ги споменувал живите и мртвите и со тоа овој обред завршувал. На свештеникот му се давало обично по една ока вино и по едно парче од двата леба. Откако ќе завршело сето тоа, започнувала гозбата која ја нарекувале залог. Но, пред да започнела гозбата, се вршел уште еден домашен обичај. Најстариот гостин седнувал на чело и останатите по ред, запалувал свеќа и сите ги симнувале капите. Потоа тој го земал светиот леб, го бакнувал и говорел: „Свети Арангел, биди напомош и дај да те славиме уште многу години здраво и весело“. Потоа со ред сите го бакнувале светиот леб, па земале од пченицата. Пченица земале со двете раце, за да Бог ги дочекал со две раце. Жените вообичаено седеле на друга трпеза и го кршеле другиот леб, Палучник. На славата служел домаќинот и се пиело од чутурки, карти. Гостите од блиските места истата вечер се враќале дома, а од подалечните останувале на преноќување (Гајић 1901, 165–166).

Прилог 2

Потеклото на Елена Бужароска, род. Пулевска (≈1810 – ≈1880)

Елена Бужаровска била родена околу 1810 година, а умрела во 1880 година (Бужароски Р. 1976, 92). Бидејќи во Галичник е обичај жените да ги нарекуваат по името на мажот, таа била нарекувана Ажи Глигурица. Елена потекнува од семејството Пулевци, кое исто така е од Галичник.

Според Риста Огњановиќ-Лоноски, семејството Пулевци, заедно со семејствата Церговци и Жантевци биле првите три семејства кои се доселиле во Галичник (Огњановиќ-Лоноски 2004, 94). Дека Пулевци биле најстаро семејство во Галичник тврди и Јован Цвијиќ кој вели: „Најстарото семејство во Галичник, едно од оние кои се доселиле од кај Галик се вика Пуљевски“ (Цвијић 2000, 456). Ристо Бужароски за Пулевци вели дека биле подоцнежни доселеници во Галичник и дека не било точно тоа што го сметале повеќето дека Пулевци биле најстарото галичко семејство (Бужароски Р. 1976, 8–9).

Предците од семејството Пулевци направиле своја куќа во Оне маало (Долно маало), а според Тома Смиљаниќ, ова бил најстариот крај во селото, каде прв својата куќа ја направил Пуле, предокот на Пулевци. Исто така, тој пишува дека Пулевци ги имало и во селата Осој, Селце и Ростуше (Смиљанић 1925, 92). Риста Огњановиќ-Лоноски смета дека од Пулевци потекнувале повеќе галички семејства: „Од Пулеската фамилија настанало сето Томово или Тортеско маало, освен неколку фамилии коишто се доселиле од околните села, па дури и некои од Албанија и од Епир“ (Огњановиќ-Лоноски 2004, 94).

За наставката *ул* која ја има во презимето на Пулевци се смета дека е остаток од Власите, кои живееле на тој простор пред доселувањето на Мијаците (Смиљанић 1925, 93). Јован Цвијиќ за најстарите семејства во Галичник вели:

> Се знае за некои најстари семејства во Галичник дека се со ароманско потекло. Нивните предци преку летото ја напасувале стоката по околните планини, а потоа слегувале на реката Галик кај Солун. Најверојатно првите ароманси семејства го дале името на ова село по реката Галик. (Цвијић 2000, 421)

Таткото на Елена се викал Димитрије-Митре (Бужароски Р. 1976, 94), а за мајка ѝ не се знае. Митре бил печалбар во Романија, во местото Турно могурели, каде на седумгодишна возраст го имал земено со себе и својот син Ѓорѓија Пулевски. Митре на печалба работел како мајстор (Трайчевъ 1941, 42), а самиот Ѓорѓија Пулевски подоцна, во неговата книга *Речник от четири јазика* се потпишува како „Ђорђа М. Пулѣвски архитекта у Галичник окружје дибранско“ (Пулѣвски 1873).

Димитрије, покрај Елена, имал уште три ќерки и два сина (Шушлевска Апостоловска 2016). Едната ќерка се викала Олга и таа била омажена за Петре Јанкулоски постариот. Другата ќерка се викала Ана. Таа се мажела два пати, првиот пат за некој од семејството Зрзовци (Јуруковци), а потоа, откако починал маж ѝ, за Деспот Чалоски. Ана живеела над 80 години и починала околу 1908–1912 година (Бужароски Р. 1976, 91). За третата ќерка на Митре не успеавме да најдеме како се викала. Таа била родена околу 1820 година и била омажена за Арсе Шушлески

(ibid., 92). Синовите на Митре се викале Томо и Ѓорѓија Пулевски, кој е наш познат револуционер, граматичар и историчар. Томо бил помал од Ѓорѓија и имал два сина, Митре, крстен на дедото, и Крсте. Митре имал три сина и една ќерка: Ристе, Ѓорѓе, крстен по Ѓорѓија Пулевски, Петре и Злата. Крсте имал три сина по име: Томо, Васе и Симон (ibid., 91).

За Ѓорѓија Пулевски, кој е познат и многу значаен за историјата на Македонија, во истражувањето за оваа книга наидовме и на некои непознати податоци од неговиот приватен живот. Ние овде нема да се бавиме со дејноста на Ѓорѓија Пулевски, која е едно комплексно прашање и доста е разработена низ литературата, туку само ќе го погледнеме дел од родословниот аспект.[12] Околу тоа колку деца имал Ѓорѓија Пулевски и дали се женел еднаш или два пати сè уште не може да се утврди. Со сигурност се знае дека имал една ќерка по име Велика која била убиена, но околу тоа како е убиена постојат повеќе варијанти. Риста Огњановиќ Лоноски, човек кој живеел во тој период и се сеќавал на Ѓорѓија вели: „Ќерка му негова је исечена коде нас по Радика, за освета против татка је“[13] (Огњановиќ-Лоноски 2004, 104). Ристо Бужароски детално истражува за тоа дали Ѓорѓија Пулевски имал деца, и разговарал со повеќе повозрасни членови на семејството Пулевци. Од неговото истражување гледаме дека од сите добил ист или сличен одговор, а тоа е дека Ѓорѓија Пулевски имал ќерка по име Велика која била омажена во Сушица, работела како учителка во Галичник и која според една варијанта на околу 22 години, враќајќи се од Дебар каде била на доктор, била утепана како освета поради делата на татко ѝ против Турците и арамиите. Ристо Бужаровски наведува и друга верзија во која била убиена по Радика од Албанци заради освета за татко ѝ (Бужароски Р. 1976, 91–94). И кај Блаже Ристовски во запишаното искажување на Злата и Симон Пулевски (Злата е родена во 1904 година), и двајцата велат дека Ѓорѓија Пулевски имал ќерка Велика, која била омажена за Арсо од Сушица и била убиена враќајќи се од Дебар. Според Симон била силувана од Турци и заклана кај Радика, по што била исечена на парчиња, а според Злата таа била убиена враќајќи се од Дебар од страна на Турци, додека татко ѝ бил во Романија, како одмазда за неговите дела. Мајка ѝ заедно со други жени отишла да го земат телото за да ја закопаат (Ристовски 1989, 278). Злата Пулевска тврди дека постоела и слика од Ѓорѓија Пулевски со ќерка му, која стоела кај нив сè до околу 1912 година кога Галичник бил нападнат од качаците, па сликата заедно со други книги од Пулевски биле закопани во сандуче кај брестовите во дворот на Пулевската куќа (Ристовски 1989, 278). Вакво тврдење има и од страна на Ѓорѓо Пулевски, внук на Томо (братот на Ѓорѓија Пулевски), според кој сликата од Ѓорѓија со ќерка му Велика, заедно со некои негови ракописи и книги биле закопани во 1920 година во дворот на Пулевци (Бужароски Р. 1976, 94). Ѓорѓи Трајчев пишува дека Велика Георгева Пулевска била избрана за курирка на Галичко-реканскиот револуционерен подреон за време на Илинденското востание, и дека подоцна била убиена од аскерот кај Гореничкиот мост одејќи за Дебар, исполнувајќи ја должноста (Трајчевђ

[12] Повеќе за животот и делото на Ѓорѓија Пулевски види Ристовска-Јосифовска 2008.

[13] Блаже Ристовски прави грешка и вели дека Риста Огњановиќ Лоноски напишал дека сестрата на Ѓорѓија Пулевски била убиена кај Радика (Ристовски 1989, 277, 278). Оваа збрка дали Пулевски имал сестра Велика или, пак, ќерка настанува и во книгата на Билјана Ристовска Јосифовска (Ристовска-Јосифовска 2008, 41–43) и докрај не може да ја расчисти, бидејќи не се располага со податоците за сестрите на Ѓорѓија Пулевски кои беа кажани погоре.

1941, 132). Всушност, оваа варијанта кај Георги Трајчев е од „Спомените на Апостол Христов Фрчкоски“, кој бил началник на Галичко-реканскиот подреон за време на Илинденското востание (Спомени на Апостол Христов Фрчковски, недатирано, 2). Слична варијанта се потврдува во еден ракопис пишуван во периодот од 1905 до 1912 година од Штилјан Чапароски каде под 1905 година пишува:

> 18 юли одъ с. Сушица невеста млада Велика Георгева Пулевска одъ Галичник убита со ношъ въ грлото и фрлена въ реката Радика идеещи одъ Дебоpь венець близу до Горенечкия мосъ идо кулата туе заклана клетата остави малку дечица. (Архив МАНУ НР 55)

Со овој ракопис се надополнува пишувањето на Апостол Христов, и бидејќи Апостол е началник на Галичко-реканскиот реон во тој период, неговиот податок треба да е веродостоен. Истото важи и за ракописот кој е настанат токму во тој период, па затоа овие две варијанти кои се надополнуваат едната со другата се очигледно точни, а Ристо Бужароски во својата книга прави грешка. Од ова можеме да заклучиме дека Ѓорѓија Пулевски имал ќерка омажена во селото Сушица, и на 18.7.1905 година враќајќи се од Дебар, при извршувањето на својата должност како курирка, била пресретната и убиена. Децата што ги имале и кои се споменати во ракописот, изгледа починале додека биле мали, бидејќи Симон Пулевски вели дека таа немала деца, а нејзиниот маж Арсо го помнел и го викал тетин (Ристовски 1989, 278).

За тоа дали освен Велика, Ѓорѓија Пулевски имал други деца е сè уште спорно и не може да се одговори со сигурност. Во едно свидетелство за семејната и имотна положба на Ѓорѓија Пулевски од 1883 година пишува дека тој тогаш живеел во Софија, имал жена на 45 години, два синови на 15 и 10 години и две момчиња на шест и четири години останати сирачиња од сестра му (ibid., 277). Меѓутоа, во овој документ има повеќе спорни податоци. Спорно е во 1883 година тој да чувал сирачиња од сестра му, бидејќи сестрите на Пулевски биле во поодминати години за да раѓаат деца во 1870-тите години. Исто така, во ниту едно од семејствата каде што биле омажени сестрите на Пулевски, потомците денес не знаеја за вакво нешто. Втор податок кој е спорен во овој документ се синовите на Пулевски кои се споменати, бидејќи според истражувањето на Ристо Бужароски, кој разговарал со сите постари членови на семејството Пулевски, категорично тврделе дека освен ќерката Велика тој немал синови, и доколку имал такви тие сигурно би знаеле како негово најтесно семејство. За ваков податок не знаеле ниту другите повозрасни галичани (Бужароски Р. 1976, 90–95). Дополнително, во прилог кон ова оди тоа што внукот на Томо Пулевски, Ѓорѓо Пулевски изјавил:

> Јас сум роден 1907 година во Галичник, а во Софија дојден сум 1929 година... Бидејќи стрико ми Ѓорѓо немал машки деца, туку само една ќерка по име Велика, заклана по река Радика, мене ме крстиле по него, па ево го носам името на чичка ми Ѓорѓа Пулевски. Тоа е галичка традиција, за во кругот на семејството да не остане името ненаследено и славено. Како што реков тој немал машки деца, зашто е рано овдовен и покасно не е преженет сè до неговата смрт. Категорично изјавувам, дека Ѓорѓо Пулевски немал син, туку само ќерка-Велика. Чичко ми Ѓорѓо и Велика се сликани заедно и таа слика нашето семејство ја имаше сè до 1920 година... (Бужароски Р. 1976, 94)

Со ова тврдење уште повеќе се проблематизира тоа што го пишува во свидетелството, бидејќи Ѓорѓо тврди дека Ѓорѓија не се ни преженувал по втор пат, и тешко е веројатно во семејството да не знаеле дека тој се имал преженето, а уште помалку па и да имал деца.

Кај Блаже Ристовски, пак, среќаваме еден податок каде тој вели: „На патот од Дебар за Галичник ќерка му Велика била заклана, а тоа го снашло и син му Митре“ (Ристовски 1989, 236). Овој податок за син Митре на Ѓорѓија Пулевски е спорен бидејќи таков настан сигурно би бил прераскажуван во семејството. Во секој случај овие прашања треба натаму да се доистражат со оглед на согледаните контрадикторности.

Прилог 3

Список на книги на Вера Бужаровска

1. 1963. *Стој*. Скопје: Републички Совет за безбедност на сообраќајот; 1979, второ издание. Скопје: „Современ возач“.
2. 1965. *Близначиња*. Скопје: „Кочо Рацин“.
3. 1965. *Рингишпил*. Скопје: Нова Македонија.
4. 1970. *Куќичка од бонбони*.
5. 1971. *Ловечки приказни*. Битола: Развиток.
6. 1972. *Чекор на тлото*. Битола: Развиток.
7. 1974. *Последен ден*. Скопје: Видици.
8. 1974. *Жени крај брегот*. Скопје: Современост.
9. 1974. *Акчилница*. Скопје: Мисла; 2013, второ издание. Скопје: Еврејска заедница во Република Македонија; на англиски, 2015. *The Last Summer in the Old Bazaar*. Arizona: Saguaro Books, LLC.
10. 1979. *Izgubljene parićice*. Gornji Milanovac: Dečje novine.
11. 1982. *Мојот добар ден*. Скопје: Детска радост.
12. 1983. *Пламен на младоста*. Скопје: Студентски збор.
13. 1986. *Уменко*. Скопје: Детска радост.
14. 1994. *Огнена вода*. Скопје: Студентски збор; 2010, второ издание. Скопје: Просветно дело.
15. 1996. *Хероите умираат простум*. Скопје: Наша книга.
16. 1996. *Понори*. Скопје: Наша книга.
17. 1996. *Жена со порок*. Скопје: Наша книга.
18. 1996. *Мирко и Мира*. Скопје: Наша книга; на влашки, 1999. *Fronco shi Fronca*. Scopia: Наша книга.
19. 1997. *Гладни години*. Скопје: Наша книга.
20. 1997. *Каде исчезнаа парите?*. Битола: Битолски весник.
21. 1998. *Цибрина*. Скопје: Наша книга.
22. 2000. *Гопеш*. Скопје: Наша книга.
23. 2001. *Учителката од ново маало*. Скопје: Бужаровска В.
24. 2001. *Охриѓани лежат на злато*. Скопје: Бужаровска В.
25. 2002. *До Палас е закопана тајната*. Скопје: Бужаровска В.
26. 2003. *Братот на министерот*. Скопје: Ласерџет; 2010, второ издание. Скопје: Просветно дело.
27. 2003. *Го открив атентаторот*. Скопје: Китано; 2010, второ издание. Скопје: Просветно дело.
28. 2003. *Црно цвеќе*. Скопје: Бужаровска В.; 2010, второ издание. Скопје: Детска радост.
29. 2004. *Креветот на проститутката*. Скопје: Ласерџет; 2010, второ издание. Скопје: Просветно дело.
30. 2004. *Грозомора*. Скопје: Ласерџет; 2010, второ издание. Скопје: Детска радост.
31. 2005. *Вампир*. Скопје: Академски печат; 2010, второ издание. Скопје: Детска радост.

32. 2005. *Господе чувај ме од интерпол*. Скопје: Ласерџет; 2010 година, второ издание. Скопје: Просветно дело; во 2015 година од Министерство за труд и социјална политика е издадена и како аудиозапис.
33. 2006. *Авторот е обвинет за убиство*. Скопје: Академски печат; 2010, второ издание. Скопје: Детска радост.
34. 2007. *Тајна*. Скопје: Академски печат; 2010, второ издание. Скопје: Детска радост.
35. 2007. *Зошто ме остави*. Скопје: Академски печат.
36. 2007. *Две жени едно срце*. Скопје: Академски печат; 2010, второ издание. Скопје: Просветно дело.
37. 2008. *Шеталки*. Скопје: Академски печат.
38. 2009. *Катастрофалниот лет на авиончето*. Скопје: Академски печат; 2010, второ издание. Скопје: Просветно дело.
39. 2009. *Виндузи*. Скопје: Академски печат; 2010, второ издание. Скопје: Детска радост.
40. 2009. *Ноќна прошетка*. Скопје: Академски печат.
41. 2009. *Македонско-влашки за почетници*. Скопје: Академски печат.
42. 2010. *Затвор за жени*. Скопје: Академски печат.
43. 2011. *Трите жени на Усеин*. Скопје: Академски печат.

Список на филмови за кои Вера Бужаровска напишала сценарио

1. 1975. *Во име на народот*.
2. 1978. *Последниот битолски пајтонџија*. Телевизија Скопје.
3. 1979. *Згаснаа старите градски фенери*. Телевизија Скопје.
4. 1982. *Партизанска фото камера*.
5. 1984. „Загубените влечки“ – епизода прикажана во серијата *Другарување*. Телевизија Скопје.
6. *Мртов град*.
7. *Курирче* – серија за деца

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Литература

Ажиески, Гапе Галев. 2009. *Фактографија за семејствата Ажиевци*. Скопје: авторот.

Бужароски, Ристо. 1976. *Галичка повест*. Скопје: ООЗТ книгоиздателство „Наша книга“.

Бужаровски, Дамјан. 2020. *Семејството Бундалевци, родословие поврзано со мојата прабаба Тодорка Николова, моминско Бундалевска (1908–1981) и нејзиниот брат Симон С. Бундалевски (1890/4–1989)*. Скопје: авторот. http://buzar.mk/Books/DamjanBuzarovski_SemejstvotoBundalevci.pdf.

Бужаровски, Дамјан. 2021 „'Семијачкото' знаме и мијачките семејни знамиња“. *Македонски хералд гласник на македонско грбословно друштво*, бр. 17, 26–46. https://doi.org/10.47763/mher2117026b.

Бужаровски, Дамјан. 2022. „Употребата, значењето и изработката на мијачките семејни знамиња.“ *Македонски хералд гласник на македонско грбословно друштво*, број 18, 30–46.

Бужаровски, Димитрије. 2020. *Од Шекерна до Деспина*. Скопје: Факултет за музичка уметност/BuzAr. http://buzar.mk/Books/DBuzarovski_Shekjerna_Despina.pdf.

Гајић, J. M. 1901. „С лепенца на Радику, путничке белешке.” Во *Годишњица Николе Чупића*, књига XXI. Београд: Чупићева задужбина.

Граоркоски-Веле, Велемир. 2010. *Галичка мозаична сознајба*. Галичник: Здружение на граѓани за негување на традициите КАМ.

Ѓорѓиев, Ванчо. 2003. *Слобода или смрт: македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година*. Скопје: Табернакул.

Здружение на офталмолози на Република Македонија. 2021. „Историја“. Здружение на офталмолози на Република Македонија. Посетено на 28.05.2021. http://www.zom.mk/историја.

Икономовъ, Василъ. 1895. *Сборникъ отъ старо-народни умотворения изъ Дебърско, Кичевско и Охридско*. Солунъ.

Мишић, Д. Саша. 2012. „Политички односи Југославије и Италије у периоду од 1968. до 1975. године.” Докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет политичких наука.

Муратовски, Ефтим. 2005. *Муратовци*. Скопје: Муратовски Е.

Огњановиќ-Лоноски, Риста. 2004. *Галичник и Мијаците*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, Фондација Трифун Костовски.

Пулѣвски, М. Ѣорѣе. 1873. *Речник од четири јазика*. Београд.

Пуљевски, М. Ђорђе. 1875. *Речник од три језика с. македонски, арбански и турски*, књига II. Београд.

Ристовска-Јосифовска, Билјана. 2008. *Ѓорѓија М. Пулевски, револуционер и културно национален деец*. Скопје: Селектор.

Ристовски, Блаже. 1989. *Портрети од македонската литературна и национална историја*, 1. Скопје: Култура.

Смиљанић, Томе. 1925. „Мијаци, Горна Река и Мавровско поље.“ Во *Српски етнографски зборник*, кн. 35, ур. Јован Цвијић. Београд: Српска краљевска академија.

Тодоровски, Глигор. 1970. *Малореканскиот предел општествено-економските и просветните прилики во периодот од 80-те години на XIX век до крајот на Првата светска војна*. Скопје: Институт за национална историја.
Трайчевъ, Георги. 1941. *Книга за Мияцитѣ (историко-географски очеркъ)*. София.
Цвијић, Јован. 2000. *Балканско полуострово*. Треће издање. Београд: Српска академија наука и уметности.

Literary Europe Live. 2016. На European Literature Network. Посетено на 3.9.2022 година. https://www.eurolitnetwork.com/literary-europe-live/?fbclid=IwAR3zxJX1Fy5EHqrCX8fXpXnI2q3fsN9gRMt3ku1mgJr1N7DP-tvgQyKca44

Објавени извори

Македонско-одринското опълчение 1912–1913 г. личен състав по документи на дирекция „централен военен архив“. 2006. София: Архивни Справочници.
Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859–1918). 2004. Скопје: Државен архив на Република Македонија.

Необјавени извори

Архив МАНУ „Харалампие Поленаковиќ“, фонд HP 55.
Архив МАНУ „Харалампие Поленаковиќ“, фонд Тома Смиљаниќ Брадина.

Документи

Галичничка општина. 1939. Пословна књижница на Славко Бужаровиќ. Галичник.
Домовник. 1932. Галичник.
Државна прва машка гимназија. 1947. Свидетелство за завршен I клас на Славко Бужаровски. Скопје.
Државна гимназија „Цветан Димов“. 1948. Свидетелство за завршен II клас на Славко Бужаровски. Скопје.
Државна гимназија „Цветан Димов“. 1948. Свидетелство за завршен III клас на Славко Бужаровски. Скопје.
Државна гимназија „Цветан Димов“. 1948. Свидетелство за положен полуматурски испит на Славко Бужаровски. Скопје.
ДФЈ, штаб V армије, персонално одделење. 1947. Уверење на Славко Бужаровски.
Економски техникум „Борис Кидрич“. 1954. Свидетелство за завршен I и II клас на Славко Бужаровски. Скопје.
Економски техникум „Борис Кидрич“. 1955. Свидетелство за завршен III клас на Славко Бужаровски. Скопје.
Економски техникум „Борис Кидрич“. 1955. Свидетелство за завршен IV клас на Славко Бужаровски. Скопје.

Економски техникум „Борис Кидрич“. 1955. Диплома на Славко Бужаровски. Скопје.
Матична служба. 1977. Извод од Матична книга на родените на Бужаровски Славко. Ростуше.
МВР. 2003. Лична карта на Славко Бужаровски. Скопје.
Народен одбор на Општина Кале. 1961. Решение за назначување началник на одделението за стопанство и финансии. Скопје.
Началник среза Галичког. Путна исправа на Апостол Бужаровиќ. Ростуше.
Президијум народне скупштине ФНРЈ, Канцеларија ордена. 1947. Уверење на Славко Бужаровски.
Службен весник на Социјалистичка Република Македонија. 28 март 1979. Број 10, година XXXV. Скопје.
Собрание на Град Скопје. 1973. Повелба на Славко Бужаровски. Скопје.
Собрание на Град Скопје, Секретаријат за внатрешни работи. 1977. Решение за промена на името на Славко Бужаровски. Скопје.
Собрание на Република Македонија. јануари 1997. Стенографски белешки од Првото продолжение на педесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 јануари 1997 година. Скопје.
Цркве галичке. 1920. Књига за уписавање и оглашавање брачно испитаних лица у парохијама. Галичник.
Цркве галичке. 1938. Књига за уписавање и оглашавање брачно испитаних лица у парохијама. Галичник.

Необјавени ракописи

Автобиографија на Вера Бужаровска.
Автобиографија на Славко Бужаровски. a (недатирано)
Автобиографија на Славко Бужаровски. b (недатирано)
Бужаровски, Дамјан. Историја на Галичник (недатирано).
Бужаровски, Славко. Среќно семејство на Вера и Славко Бужаровски со двата сина Димитрије и Владо. (недатирано)
Бужаровски, Миле. Запис. (недатирано)
Бужаровски, Миле. Фамилијарно стебло по Глигур Бужаровски.
Бужаровски, Томо. Родослов на семејството Бужаро(в)ски од с. Галичник. Дебар.
Буцевски, Иван. Лоза ШПИРО СЕРАФИЛ БУЦЕВСКИ. (пишувано во периодот од 1986 до април 1995 година).
Животпис и породичен родослов на Јован Мелоски. 1957. Галичник.
Записи на Вера Бужаровска за семејството Меловци. 2011. Скопје.
Записи на Доксим Михајлоски-Бато (недатирано)
Мемоари на Димо Панговски, роден во Галичник во 1897 година. (недатирано)
Спомени од Апостол Христов Фрчковски. (недатирано, посетено на 1 октомври 2020 година. http://strumski.com/library/)

Соговорници

Анѓелина Бужаровска род. Веноска, родена во Гостивар во 1941 година. Разговарано на 12.9.2020 г. во Скопје и на 26.5.2021 г. во Скопје.

Анела Ставревска Панајотова, родена во Скопје 1980 година. Разговарано преку Фејсбук на 14.2.2019 г.

Ани Шушлевска Апостоловска, родена во 1962 година. Разговарано преку Фејсбук на 9.2.2016 г.

Васка Ефремова род. Мелоска, родена во Галичник во 1935 година. Разговарано телефонски на 16.3.2018 г.

Васка Шожу род. Бужаровска, родена во Галичник во 1936 година. Разговарано телефонски на 4.4.2021 г.

Вера Попоска род. Бужаровска, родена во 1947 година во Битола. Разговарано на 20.4.2021 г. телефонски.

Виолета Џуровска род. Јанкуловска, родена во Скопје во 1972 година. Разговарано на 25.8.2022 г. телефонски.

Владимир Бужаровски, роден во Скопје во 1982 година. Разговарано на 11.4.2018 г. во Скопје.

Владо Бужаровски, роден во Скопје во 1963 година. Разговарано на 1.11.2020 г. во Скопје.

Гапе Ажиески, роден во Галичник во 1932 година, а починат во Скопје во 2022 година. Разговарано на 19.2.2018 г. во Скопје.

Димитрије Бужаровски, роден во Скопје во 1952 година. Разговарано на 9.2.2020 г. во Скопје, потоа на 30.10.2020 г. исто така во Скопје и на 20.4.2021 г. телефонски.

Душица Перишиќ, родена во Скопје во 1962 година. Разговарано на 25.8.2022 г. телефонски.

Евгена Огњановска. Разговарно на Фејсбук на 15.1.2019 г.

Елеонора Шожу, родена во Скопје во 1973 година. Разговарано телефонски на 4.4.2021 г.

Загорка (Горица) Перишиќ род. Мелоска, родена во Галичник во 1933 година. Разговарано на 18.8.2018 г. во Скопје и на 21.1.2021 г. телефонски.

Каролина Блажевска Бужаровска, родена во Скопје во 1962 година. Разговарано на 26.5.2021 г. во Скопје.

Кире Филиповски, починат 2018 година. Разговарано телефонски на 10.3.2018 г.

Кристина Попова, родена во Скопје во 1995 година. Разговарано на 27.06.2022 г. во Скопје.

Лилјана Пендовска род. Филиповска. Разговарано во Скопје на 14.3.2018 г.

Љубица Кузмановска род. Николова, родена во Битола во 1943 година. Разговарано во мај 2020 г. телефонски.

Љупчо Меловски, роден во Гостивар во 1958 година, починат во 2019 година. Разговарано на 4.12.2018 г. во Скопје.

Никола Кукоски, роден во Галичник во 1951 година. Разговарано на 29.5.2021 г. телефонски.

Снежана Мелоска, родена во 1958 година. Разговарано на 2.10.2020 г. во Скопје.

Стефан Бужаровски, роден во Скопје во 1962 година. Разговарано на 22.4.2021 г. телефонски.
Стојан Мелоски, роден во Галичник во 1944 година. Разговарано на 12.3.2018 г. во Скопје, на 21.1.2021 г. телефонски и на 21.4.2021 г. исто така телефонски.
Татјана Бужаровска, родена во Скопје во 1963 година. Разговарано на 6.5.2019 г. преку Фејсбук и на 17.8.2022 г. телефонски.
Томислав Аџовски, роден во Скопје во 1975 година. Разговарано на 4.8.2021 г. преку Фејсбук.
Томо Бужаровски, роден во Галичник во 1939 година. Разговарано на 23.7.2019 г. во Дебар.
Томо Черепналкоски, роден во Галичник во 1952 година. Разговарано во Скопје на 8.12.2018 г. и на 4.8.2021 г. преку Фејсбук.

Друго

Видео од прослава по повод 50 години творештво на Вера Бужаровска. 2010. Скопје.
Снимено искажување на Славко и Вера Бужаровски. 2004. Скопје.

ISBN 978-608-66931-0-7